

# NLOB Извештај за социјално мапирање

## Општина Делчево

Автор Датум

**Извештај за LNOB Социјалното мапирање во Општина  Делчево**

**Извештај за резултатите од социјалното мапирање:**
**LNOB социјално мапирање и креирање на политики базирани на докази во општина Делчево**

**Општина Делчево/ Центар за европска граѓанска иницијатива**
**Автор: проф. д-р Јован Ананиев, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип**

**март, 2024**

**БЛАГОДАРНОСТ**

Изразуваме голема благодарност за соработката и придонесот во подготовката и реализацијата на социјалното мапирање до:

Боран Иваноски- НАЛАС

Сузана Петровска- општина Делчево

Наталија Спасовска- ГИЗ

Ирена Николов- ЗЕЛС

Благородна Шопова- поранешна вработена во ЗЕЛС

проф. д-р Наташа Стојковиќ- Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип (статистичка обработка на податоци)

проф. д-р Лимонка Коцева- Лазарова - Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип (статистичка обработка на податоци)

Јадранка Вареловска- Центар за европска граѓанска иницијатива (контрола на квалитет на теренско истражување и на внес на податоци)

Јована Јанѓеловска- практикантка во Центар за европска граѓанска иницијатива (административно- логистичка поддршка)

Марија Николова- практикантка во Центар за европска граѓанска иницијатива (административно- логистичка поддршка)

Теодор Глигоров- практикантка во Центар за европска граѓанска иницијатива (административно- логистичка поддршка)

Овој Извештај е изработен со поддршка на Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH и Мрежата на асоцијации на локални власти на Југоисточна Европа. Тој се темели на наодите од социјалното мапирање спроведено во Општината Делчево За содржината на оваа публикација е единствено одговорна Центарот за европска граѓанска иницијатива] и на ниеден начин не смее да се смета дека ги изразува ставовите и видувањата на GIZ Gm

# Содржина

**Извршно резиме** ... 6

**1. Целна(и) група(и) на Социјалното мапирање** ... 8

**1.1. Објаснување зошто целната(ите) популација(ии) е LNOB група** ... 9

**1.2. Резиме на консултациите со општинските службеници и останатите --- чинители** ... 13

**1.3. Резиме на анализата на секундарни податоци** ... 14

**2. Кратки информации за Општината Делчево и за политиките на локално ниво** 18

**3. Цели на Социјалното мапирање** ... 19

**4. Методологија** ... 21

**5. Резултати од социјалното мапирање** ... 25

**5.1. Анализа на географското означување (гео-тагирање) за достапните социо-економски ресурси** ... 25

**5.2. LNOB група – лица со попреченост** ... 25

**6. Анализа на фокус групи** ... 64

**7. Заклучоци и препораки** ... 73

7.1. Ризик фактор: социо- економски статус ... 74

7.2. Ризик фактор- Географија ... 76

7.3. Ризик фактор: дискриминација ... 77

7.4. Ризик фактор: Управување ... 77

7.5. Ризик фактор: Ранливост кон шокови ... 77

**План за соопштување на заклучоците и препораките за социјалното мапирање** ... 79

**Препораки во согласност со ЦОР** ... 80

**Извршно резиме**

Овој извештај е подготвен врз основа на методологија, којашто во фокус ги има ,,Никој да не биде изоставен''ризик факторите: социо- економски статус, географија, дискриминација, управување и шокови од катастрофи. Целната група се лицата со попреченост и со посебен фокус на корисниците на Центарот за рехабилитација и реинтеграција.  Извештајот е подготвен со користење на анализа на секундарни податоци, спроведено теренско истражување меѓу 70 испитаници- лица со попреченост или нивни родители/старатели, преку методот лице во лице и реализирани две фокус групи. Активностите се реализираа во октомври и ноември 2023 година.

Главните истражувачки наоди се следниве:

Ризик фактор: социо- економски статус

Повеќе од 2/3 од испитаниците не се во партнерство или во брак и тоа го зголемува ризикот од социјална изолација заради намалената можност од поголема семејна поддршка, 2/3 од испитаниците немаат средно образование, 1/3 се во работен однос а од невработените само половина се активни баратели на работа. Лицата со телесна попреченост се двојно повеќе вработени во однос на лицата, кои имаат друг вид на попреченост;1/3 од испитаниците имаат проблем на работното место место бидејќи работодавачот ги третира нееднакво со вработените, кои немаат попреченост;Жените имаат три пати поголеми проблеми на работните места во однос на мажите;, Приближно 20% од сите испитаници немале никакви приходи. Околу 1/3 од испитаниците оствариле приход врз основа на плата. Околу 1/3 од испитаниците имале приходи помалку од 12 000 денари а само 8,6% од испитаниците имаат повеќе од минималната плата, Над 80% од испитаниците одговорија дека нивниот семеен буџет не ги задоволува нивните основни потреби, Резултатите покажуват крајна сиромаштија кај околу 1/3 од испитаниците бидејќи околу 20% од нив немале можност да си дозволат оброк до три пати, а над 10% четири и повеќе пати во текот на месецот. Околу 20% имале проблем со пристапот за вода за пиење и околу ¼ имаат проблем да обезбедат греење во домот и да купат лекови, а 60% да си купат месо;Околу ¾ од испитаниците имаат интелектуална попреченост, ¼  имаат проблем со говорот, а околу 1/3  проблеми со долните и горните екстремитети; Половина од испитаниците сметаат дека имаат лоша или многу лоша здравствена состојба, Приближно 1/3 од испитаниците ја оценуваат личната безбедност и задоволството од животот со оценка 1 или 2;Околу 40% од испитаниците имале проблеми да добијат здравствена услуга кај специјалист а најчести причини биле затоа што услугата е скапа, здравствената услуга ја нема во болницата каде живее испитаникот и далечината на здравствената установа;

Околу половина од испитаниците имаат проблеми со движењето а околу ¼ имаат потреба од помош при движењето. Најмногу од нив имаат потреба од организиран превоз до здравствената установа. Најголем процент од нив

имаат потреба од уред којшто ќе им помогне во меморирањето на обврските/задачите;Пола од испитаниците изразиле потреба речиси за сите видови на поддршка во домот;Пола од испитаниците имаат потреба да разговараат со стручни лица, личната асистенција ја користат 3% од испитаниците а на 1/3 им е неопходна и би ја користеле доколку им е достапна Приближно 40% од испитаниците го користеле Дневниот центар, околу 1/3 се задоволни од неговите услуги а 20% не се информирани за неговото постоење; Околу 15% од испитаниците користат услуги на социјален клуб а околу половина од испитаниците би сакале да користат таква услуга, но не се информирани за негово постоење. Двојно повеќе мажите во однос на жените сметаат дека социјалните клубови се наменети за лица со друг вид на попреченост, различен од нивниот. Само околу 1/3 од испитаниците не искажуваат потреба од користење на народна кујна а 42% од испитаниците имаат потреба храната да им се доставува дома, 78% имаат потреба од организиран превоз до најчесто посетуваните локации;Околу 2/3 од испитаниците имаат потреба од пакети со храна и парична помош во купување на лекови а околу половин од испитаниците имаат потреба од користењето на услугата за рехабилитација и реинтеграција, дневен центар за грижа додека најблиските се на работа и пристапот до информации на разбирлив начин;За испитаниците најнепристапни се автобуската станица, јавниот превоз, паркинзите и библиотеката.Околу 10% од испитаниците за своите права се информираат од Центарот за социјални работи и ¾ ја оценуваат советодавната улога на овој орган со 1 или 2, при оценување, кадешто 1 е најниска а 5 највисока оценка;Половина од испитаниците се информирани дека ќе отпочне со активности Центар за рехабилитација и реинтеграција и најголемиот дел од нив имаат потреба Центарот да нуди

## Ризик фактор- Географија

13% немаат или бања или тоалет или приклучок кон канализација; На околу 1/3 од испитаниците, домовите не се доволно пристапни за нив, а најголеми причини за тоа се високите или доградени скали во објектот и тесните отвори на вратите; Околу 1/3 од испитаниците се сопственици на домот во којшто живеат а два и пол пати повеќе, како сопственици се јавуваат мажите наспроти жените;Околу 10% од испитаниците имаат една соба а околу 1/3 живеат во дом со површина до 40м2.Близу 40% од нив имаат компјутер или лап топ, што претставува добар потенцијал за да може дел од нив да имаат поедноставен пристап до информации и да се вклучат на пазарот на труд од дома. На ова се надоврзува и податокот дека околу ½ од испитаниците имаат интернет за лична употреба. Но, околу ¼ не можат да си дозволат интернет за лична употреба, што претставува и фактор за потенцијално комуникациско исклучување на лицата со попреченост.

Ризик фактор: Дискриминација

Ниту една жена и 90% од мажите не се запознаени со Законот за спречување и заштита од дискриминација;90% сметаат дека не се почитуваат правата на лицата со попреченост;2/3 од испитаниците сметаат дека биле дискриминирани при конкурирањето на работно место и при добивањето на здравствени услуги;Половина од испитаниците биле дискриминирани последните 12 месеци. Двојно повеќе биле дискриминирани лицата со комбинирана попреченост во однос на останатите и жените во однос на мажите.

Ризик фактор: Управување

Само 7% од испитаниците следат дневна политика неколку пати неделно. Ниту еден испитаник не смета дека општината во последните три години спровела политики во интерес на лицата со попреченост;
Околу 1/3 од испитаниците презеле активности за да им се реши некој проблем и најголемиот број од нив тоа го направиле преку средба со градоначалникот или претседателот на Советот, 2/3 од испитаниците сметаат дека организациите на лицата со попреченост не ги штитат нивните интереси;На 13% не им било повредено некакво право а најчесто се повредени правата во областа на работните односи и социјалната заштита;Најкористени права од социјалната заштита се еднократната финансиска помош, гарантираната минимална парична помош и додаток за попреченост, а најкористена услуга е рехабилитацијата и реинтеграцијата.

Ризик фактор: Ранливост кон шокови

Лицата со попреченост живеат во домови со висок ризик од пожар или поплава заради несоодветната електрична инсталација и можноста да се заборави вклучен електричен уред или чешма;За голем дел од лицата со попреченост раното предупредување би било неразбирливо и несоодветно за нив;Околу 70% немаат доверба во соодветното справување со елементарните непогоди од страна на општината и заштитата на лицата со попреченост во такви ситуации.

**1. Целна(и) група(и) на Социјалното мапирање**

Во фокусот на социјалното мапирање,се;

- Возрасни лица со попреченост со посебен фокус на корисниците и потенцијалните корисници на Центарот за рехабилитација и реинтеграција;
- Стари и изнемоштените лица кои живеат сами

Овие целни групи се селектирани врз основа на консултации со претставници на општината, коишто се лоцирани како лица во најголем ризик, врз основа на претходни истражувања и податоци.

### 1.1. Објаснување зошто целната(ите) популација(ии) е LNOB група

Според претставниците на општината, постојат неколку категории на ранливи групи во општината, но најисклучени се лицата со попреченост и старите и изнемоштените лица. Сепак, како целна група на социјалното мапирање се лицата со попреченост,мажи и жени, со посебен фокус на идните и потенцијалните корисници на Центарот за рехабилитација и реинтеграција.

<u>Општи проблеми со кои се соочуваат лицата со попреченост</u>, <u>мажи и жени, момчиња и девојчиња</u>

*Пристап до јавни објекти и простори во објекти*

- Лицата со телесен инвалидитет (лица кои користат помагала за движење и лица кои користат инвалидска количка) имаат проблем со пристапот до некои од објектите (амбулантни, болници, продавници, пазари, културни институции, одделенија на министерства и други органи на управа, административни објекти под надлежност на општината, спортско-рекреативни објекти, училишта и сл.), како и внатре во зградите (недостиг на лифт, постоење на инфраструктурни бариери, немање приспособен тоалет и сл.).

- Слепите и лицата со оштетен вид имаат проблеми со пристапноста поради недоволно видливите означени краеви на скалите и физичките бариери. Просторот околу зградите и внатре не се доволно осветлени.

*Пристапност на улица и јавни површини*

Некои од улиците имаат тесни тротоари; некои паркинг места немаат паркинг место за лица со попреченост; без пешачки патеки за слепи лица и без звучни семафор. Некои улици и јавни површини не се доволно осветлени.

*Јавниот превоз* што го поврзува градот со селата или со другите градови не е достапен за лицата со телесен инвалидитет.

Висок процент од лицата со попреченост се *дискриминирани* при пристапот до пазарот на трудот. Има ограничен тип на работни места, не се применува принципот на разумно прилагодување на работното место, немаат можност за кариерен развој и се злоупотребуваат нивните работнички права. Жените искусуваат повеќекратна и интерсекциска дискриминација.

*Децата во училиштата* често се дискриминирани; не постои индивидуален пристап во текот на нивното образование; многу деца не се идентификувани како лица со попреченост на рана возраст; едукативните материјали не се прилагодени на нивните потреби; сите деца со попреченост не се покриени со лични и образовни асистенти. Родителите на деца со попреченост се дискриминирани во заедницата и многу од нив не користат услуги за поддршка; некои деца со попреченост се дискриминирани во градинките.

*Мобилност*: Некои лица со попреченост имаат проблем да пристапат до услуги поради недостаток на лични асистенти; дел од оние со телесен инвалидитет немаат можност да купат соодветни и квалитетни помагала за подобра мобилност.

*Недостига поголема свест* на лицата со попреченост за услугите и поддршката што им се достапни од државата и општината; Некои лица со попреченост не се категоризирани и не добиваат никаква поддршка што им е законски загарантирана.

*Политички и граѓански живот:* Советот на општината нема член/ка со попреченост; Нема член/ка со попреченост во локалните органи на власт на која било политичка партија; не се почитува правилото „ништо за нас без нас“ и често се креираат политики без консултации со лицата со попреченост; локалните медиуми немаат преведувач на знаковен јазик; голем број информативни материјали не се достапни за слепите и поедноставени за лицата со интелектуална попреченост.

<u>Специфични проблеми на лицата со попреченост, мажи и жени, момчиња и девојчиња во Општина Делчево</u>

Лицата со попреченост во најголем дел се зависни од членовите на семејство, односно неможат да се движат сами, да ги обавуваат секојдневните активности и потреби. Најчесто се злоупотребувани од работодавците ( потребни им се само нивните документи дека се инвалидни лица). Во последно време има доста пријави на злоупотреба на нивните лични податоци за земање на брзи кредити. Изостанува поддршката од институциите за нивна рехабилитација и реинтеграција по нивната 18 годишна возраст. Единствена институција во општината која згрижува лица со попреченост е Центарот за дневен престој за лица со попреченост. Но не сите услуги кои им се потребни на лицата со попреченост се даваат во тој  центар за дневен престој, и таму се згрижени лицата до 18 години. Непристапните институции и непристапните коловози и патишта се исто така проблем за лицата со попреченост кој ја отежнува нивната мобилност.

<u>Специфични проблеми на старите и изнемоштените лица, мажи и жени, во општина Делчево</u>

Врз основа на повеќе истражувања и анализи спроведени од Општина Делчево а со помош на НВО и здравствените установи на подрачјето на општината, се констатира следната состојба:

- Најголем дел од старите лица имаат пензија (лична, семејна и земјоделска), која им овозможува услови за скромен живот;
- Поголем дел живеат сами (вдовец/вдовица), децата им се во странство или во Скопје,
- Речиси сите имаат здравствени проблеми (90+/-% ревматски заболувања, 85% кардиоваскуларни заболувања, 38% дијабет и други заболувања);
- Одржувањето на личната хигиена и хигиената во домот, набавката и подготовката на храна им претставува тешкотија;
- За посета на лекар и набавка на лекарства во најголем дел се зависни од друг;
- Скоро кај сите преовладува чувството на осаменост, непотребност, отфрленост и страв од заболувања.
- Проблемите кај старите лица лежат во институционалната негрижа и миграциите (масовното иселување на младите допринесе старите лица да се остават на милост на соседите и ако некој зема поголема пензија да си плати лица кои ќе се грижат за него. Но и тука има проблем бидејќи не ретко старите лица се ограбувани и злоупотребувани од страна на самоиницијативно ангажираните лица бидејќи со нив нема склучено договор , нема на кој да се жалат).

<u>Причини зошто се дава приоритет на лицата со попреченост, мажи и жени, момчиња и девојчиња</u>

- оваа група е најбројна во споредба со другите целни групи;
- има голем број на лица кои ги нема во податоците на евиденцијата на Центарот за социјална работа бидејќи не добиваат додаток за попреченост или друг вид поддршка, како и голем број кои не се заведени во базата на здруженијата на лица со попреченост;
- оваа група има најголеми проблеми и најчесто се исклучени од образованието, пазарот на труд, пристапот до стоки и услуги и се во најголем економски ризик;
- лицата со интелектуална попреченост се крајно исклучени и имаат потреба од постојани и различни видови услуги;
- лицата со попреченост се најмногу дискриминирани во споредба со другите групи;
- проблемите на лицата со попреченост имаат влијание врз квалитетот на животот на сите членови на семејството;
- општината има потреба да добие соодветни податоци, кои се базирани на евиденција, за да може да креира соодветни политики за оваа целна група.

<u>Оправданост дека целната група е во ризик да биде изоставена</u>

Географија - Лицата со попреченост имаат проблем со непристапна инфраструктура поради постоењето на физички бариери на улиците и тротоарите и недоволното осветлување. Ниту јавните површини и институциите не се доволно достапни. Автобусите од град до село не се

„нископодни“ и нема место за инвалидска количка. Нема доволно возила кои можат да превезуваат луѓе во инвалидски колички до болници и други институции. Нема доволно паркинг места за лицата со попреченост.

Социо-економски статус - висока стапка на невработеност на лицата со попреченост; висок процент од вработените имаат минимален приход; економски зависни од другите членови на семејството; лицата со интелектуална попреченост имаат потреба од постојана грижа; родителите на деца со попреченост често ја напуштаат работата за да се грижат за своите деца.

Дискриминација - попреченоста е најчеста основа на дискриминација во општината, иако има мал број претставки за дискриминација по оваа основа до Народниот правобранител и до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Лицата со попреченост ретко препознаваат и пријавуваат дискриминација. Дискриминација врз основа на попреченост постои во сите области и сите лица со попреченост се дискриминирани, без разлика на видот на попреченоста. Пристап до пазарот на труд, работното место, пристап до институции и транспорт, пристап до стоки и услуги, образование, здравство и домување се само дел од областите во кои има многу случаи на нееднаков третман на лицата со попреченост. Жените и девојчињата искусуваат повеќекратна и интерсекциска дискриминација.

Управување- Лицата со попреченост често не се земаат предвид при креирањето на локални политики во различни области во надлежност на единиците на локалната самоуправа. Тие често се дискриминирани од јавната администрација. На луѓето со интелектуална попреченост често им се ускратува правото да избираат и да ја изразат својата волја и мисли. Оваа заедница не е застапена во општинскиот совет. Нема лице со попреченост на раководно место во општинската администрација или во подрачните одделенија на министерствата и другите органи на управата. Лицата со попреченост се исклучени од политичкиот живот бидејќи нема лице со попреченост што е член на локално тело на политичка партија. Лицата со попреченост немаат добар пристап до избирачките места.

Ранливост кон шокови- Лицата со попреченост се најмногу изложени на последиците од природните и техничките катастрофи и може да бидат загрозени нивниот живот и нивното здравје. Пожарите, поплавите, земјотресите, одроните и свлечиштата на земјиште, рушевини, епидемии и сл. Може да бидат ризици и опасности на кои најранливи се лицата со попреченост. Глувите, слепите, слабовидните и лицата со интелектуална попреченост имаат проблем со навремена и соодветна опасност од одредени ризици и опасности за да може соодветно да реагираат и да ја избегнат. Доколку настанала некоја катастрофа, тие имаат поголем проблем во однос на останатите лица за да ја избегнат опасноста, особено слепите и слабовидните лица, лицата со телесна попреченост и лицата со интелектуална попреченост. Исто така, објектите  и инфраструктурата не е адаптирана за да се направи брза и соодветна евакуација на овие лица.

## 1.2. Резиме на консултациите со општинските службеници и останатите --чинители

Здружението на граѓани Бравура Кооператива на 20.03.2023 година доби лиценца за Центар за рехабилитација и реинтеграција. Услугата ќе отпочне со издавањето на решението од ЦСР Делчево на клиентите. Барањата се внесени и истата ќе започне од 1 септември како краен рок. 12 лица со попреченост се дел од програмата од кои има 6 лица со лесна попреченост, 6 со умерена и комбинирана, едно слепо лице и едно глуво лице. Во текот на мапирањето ќе се обезбеди податок за нивната полова структура. Во програматазарехабилитацијаќебидатимплементиранисследнивеподрачја:

- Стекнување на културно-хигиенски навики
- Развој на комуникативни вештини и гласовна култура
- Моторен развој
- Развој на перцепции
- Емоционален развој
- Социјален развој - Психо- социјална подршка
- Развој на работни вештини, професионална рехабилитација-ориентација,
- Самостојно живеење и животни вештини
- Компјутерска интеграција - Оспособување и работа на компјутер
- Сексуално воспитание
- Креативни работилници
- Психомоторна реедукација
- Спортско-рекреативни активности
- Социјализација и интеграција, развој на културни вредности, структуирање на слободното време

Социјалното мапирање е спроведено со посебен фокус на Дневниот центар за рехабилитација и реинтеграција, кое функционира како активност на здружението Бравура Кооператива

Бравура Кооператива има лиценца за помош и нега во домот. Услуга која планираат да ја развијат е лична асистенција. Изборот за оваа услуга, според претставниците на здружението, се должи на :

- Процесот на училишна инклузија предизвика голем број на деца со секаков вид на попреченост да се најдат во училишната заедница. Родителите, кои поголем дел се и членови на Бравура Кооператива се среќаваат со проблем, бидејќи нивните деца наставата ја завршуваат околу 11 или 12 часот , што ги принудува да ја избираат опцијата за скратено работно време се со цел да можат да се грижат и да ги земат деца од училиште.
- Во рамките на училишната заедница, образовните асистенти во поголем дел од нив не даваат дополнителни поддршки на децата за тоалети или

преоблекување како и за други слични потреби, со објаснување дека тоа не е дел од нивните работни задачи.

- Во однос на лицата со попреченост кои се над 18 годишна возраст се делумно препуштени сами на себе и семејството без дополнителна поддршка и интеракција .

Во врска со поддршката која ја очекуваат од општината, државата и од донаторите, од здружението одговорија дека Општина Делчево е задолжена општина со малку средства кои може да ги распореди во социјалната сфера. Затоа најдобра поддршка од општината е отстапувањето на просторни капацитети –објекти кои можат да бидат во функција на развој на социјални услуги. Во однос на државата, потребна е поддршка во финансирање на услугите, а во однос на странски донации најдобро е да помогне во споделување на добри практики и поддршка во алтернативни форми на услуги или проекти за вклучување на лицата со попреченост во сите сфери на општественото живеење.

Претставниците на здружението, имаат став дека треба да постои Дневен центар со нова визија и мисија: Централна база за испорачување на услуги на локално ниво и тоа: ран третман ( 0-5 год), рехабилитација и реинтеграција ( 3-18), место за поддршка на деца вклучени во образовниот систем; професионална рехабилитација ( Професионална ориентација и работно оспособување (17-26).

## 1.3. Резиме на анализата на секундарни податоци

Лица со попреченост

Според податоците од ЈУ МЦСР, граѓанскиот сектор, Центар за дневен престој за лица со попреченост и Публикацијата за социјална заштита на деца, млади и возрасни лица (Извор Завод за статистика од 21.04.2021 г.) во општината има вкупно 139 лица со телесен инвалидитет ( 82 мажи и 57 жени), од кои 17 се деца (9 машки и 8 женски ), со оштетеен вид 62 лица (28 мажи и 34 жени) од кои 9 се деца (6 машки и 3 женски), со оштетен слух 52 лица (21 маж и 31 жена) од кои 1 е дете (женско), со пречки во менталниот развој има 94 лица ( 48 мажи и 46 жени), со комбинирани пречки 36 лица (12 мажи и 24 жени) од кои 23 се деца (13 машки и 10 женски), 10 деца со пречки во вербалната комуникација (7 машки и 3 женски), 6 деца со аутизам ( 4 машки и 2 женски) и 28 деца со други пречки ( 10 машки и 18 женски).

Најзначајни причини за проблемите е негрижата на институциите за овие категории на граѓани и непостоење на доволен број социјални испорачатели кои ќе ги преземат услугите за овие граѓани. Од општинските училишта информираа дека недостатокот од сертифицирани лични асистенти за децата со попреченост и лиценцирана НВО како давател на услугата лична асистенција, претставува проблем кој мора да се реши до почетокот на наредната учебна година.

Стари и изнемоштени лица кои живеат сами

Бројот на пензионери на територијата на Општина Делчево е вкупно 3493 лица. Од нив 1743 се жени а 1750 мажи. Во Делчево нема Дом за згрижување на стари и изнемоштени лица, а најблиску таков дом има во Берово, но тој е со ограничен капацитет. Од разговорот со претставниците на Здружението на пензионери, голем дел од пензионерите секојдневно се соочуваат со проблеми од типот на осаменост, изолираност, потешкотии во извршувањето на секојдневните активности во домот.
Според последната евиденција на Здружението на пензионери најголем дел од старите лица во Делчево се со ниски и просечни пензиски примања. 63 стари лица се без семејна грижа а 12 од нив се без никакви примања. Бројките се резултат на масовното иселување на младите од општината, по што во многу семејства се останати само стари, болни и изнемоштени лица, кои неможат за себе да си обезбедат основна социјална и здравствена грижа или неможат сами да ги обавуваат основните потреби. Ваквата ситуација, особено влијае на опаѓање на квалитетот на животот на оваа ранлива група, а посебно ранливи се старите лица во руралните средини. При подготовката на Програмата за 2023 година, општината не не успеала да најде официјален податок колку стари лица од Делчево се сместени во старечките домови низ државата, но од неофицијалните податоци со кои располага Здружението е дека таа бројка е околу 22. Според податоците од ЈУ МЦСР Делчево во 2022 година има вкупно 340 лица корисници на Париченнадоместокзапомош и негаоддруголице од кои 192 се мажи и 148 жени и се претпоставува дека најголем број од нив се стари лица.

Идни активности кои треба да се преземат во општината

Како инвестиција во добросостојбата на граѓаните, за следниот период е планиран развој на нови социјални услуги. Со оглед на финансиската состојба и големината на општината, новите услуги се планирани да бидат обезбедени во соработка со донатори и МТСП.

Според податоците добиени од ЈУМЦСР, НВО и училиштата во градот констатирано е дека во Општина Делчево има недостаток и потреба од услугата лична и персонална асистенција. Оваа услуга ќе придонесе за независно и самостојно живеење на лицата со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во општеството во целина. Развојот на оваа услуга ќе се базира на правилниците и др. подзаконски акти кои го следат Законот за социјална заштита.

Централните власти најпрво треба да обезбедат:

- Ранаинтервенција и рантретманнадецаод 1 до 5 годишнавозраст, водомашниуслови и ворамкитенаДневниот центар за деца со попреченоста авосоработкасоЗдравствендомГоцеДелчевДелчево и дополнителнафункцијасопатронажнитеслужбинаЗдравствениотдом.
- Поддршканадецасопосебнипотребиворамкитенаучилишнатазаедница, занејзиноинтегрирање и

јакнењенанивнитекапацитетипрекурехабилитационен и едукативентретманворамкитенаУчилиштето и воЦентаротзаподдршка ,согласнопотребите.

- ОвозможувањенатретманворамкитенаЦентаротзаподдршкакондецасопопреченостинаоснованачасовнаартикулацијасовлез и излезвоинституцијатабездневенпрестој.
- ОбезбедувањенаДневенпрестојналицакоиимаатреалнипотреби, земајќигивопредвидинтересите и потребитенародителите.
- <u>Останати ранливи категории на граѓани</u>
- Жртвите на семејно насилство често не пријавуваат случаи. И ова е ранлива група, но во општината се преземаат проекти и активности за надминување на проблемите.
- Ромите, како и во сите други општини, се една од најранливите групи во општината. Но, она што е специфично за Ромите овде - тие имаат таканаречен флуктуирачки идентитет - некогаш се декларираат како Турци, а некогаш Роми. Главните проблеми со кои се соочуваат се несоодветните услови за живеење и несоодветна комунална мрежа, намалувањето на опфатот на деца во основно и средно образование, некои од лицата не се дел од евиденцијата на матичната книга на родените, дискриминацијата во различните области од јавниот живот и стапувањето во брак на лица кои не наполните 18 години.

<u>Нови услуги кои треба да се испорачуваат во општината</u>

1. Услуги за информирање и упатување

Покрај постоечката работа на ЦСР, оваа услуга може да се дава и преку овластени даватели на услуги, НВО, општински центар за информирање и упатување и др. форми. На пример неопходно е да се развие посебен сет на информации за вклучување на пазарот на трудот на мажите и жените кои се долгорочно невработени или тешко вработливи и лицата со попреченост, мажи и жени, кои се на евиденцијата на АВРМ. Исто така потребно е да се даде дополнителна помош и поддршка при услугите за информирање и упатување за искористување на правата од социјална и здравствена заштита на ранливите категории на граѓани, мажи и жени, но и поддршка со советодавна работи при барањето работа.

2. Услуги на стручна помош и поддршка

Долгоочекуванототововедувањенауслугинастручнапомош и поддршкаќебидеовозможеносамопрекулиценциранидавателинауслугикоивосоработкасостручнитеслужбиво ЦСР ќе обезбедуваат стручна помош и поддршка за надминувањена индивидуални и семејни проблеми.

Услугата за психо-социјална помош и бесплатна правна помош е овозможена и преку НВО „КХАМ“ од Делчево кои во овој дел од услугите покрај психолог и адвокат имаат ангажирано и медијатор за вработување на Роми.

Во делот на услугите за поддршка, ЈЗУ Здравствен дом ,,Гоце Делчев’’ вработи 2 здравствени медијатори, а едно од основните училишта вработи образовен медијатор.

3. Услуги на советување

Општината заедно со МТСП е спремна да поддржи работа на стручни граѓански организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории граѓани во социјален ризик, надвор од она што го обезбедува ЦСР. Центарот за советување во своите рамки би обезбедувал советувалишна работа за деца и младинци во различни социјални ризици (деца во судир со законот, нарушени семејни односи, жртви на врсничко насилство, семејно насилство, корисници на дрога и алкохол).

Со воведување на социјалната услуга – советувалиште за млади во социјален ризик и ризик од зависности и нивните семејства, превентивно ќе се делува за да се надогради знаењето на младите за штетното влијание на психотропните супстанци како од здраствен аспект така и од законодавен аспект, да се подигне јавната свест кај просветните работници а воедно и кај родителите, за промовирање активности кои би довеле до намалување на процентот на ризик за посегање по психотропни супстанци, а воедно да се даде поддршка на оние млади кои веќе се зависници да посетат соодветни институции за нивната состојба и да се охрабрат родителите кои имаат деца зависници да се обратат за помош во соодветни институции. Во соработка со МВР – одел за превенција, десиминатори од Црвен крст – ОО Делчево од областа на врсничко насилство и сајбер насилство, едукации од зависности од дрога и други психотропни супстанци, психијатар и социјални работници, ќе се формираат тимови кои ќе одржат бројни предавања и работилници со учениците, нивните родители и вработените во училиштата во Делчево.

4.Услуги за вон – семејна заштита

*Живеење со поддршка*

- Обезбедување на мали групни домови лицасопопреченост и децабезродителиилиродителскагрижанад 14 годишнавозраст, а најдоцнадозавршувањенасредноотообразование, зарадиоспособувањезасамостоенживот и интеграцијавоопштеството,
- Обезбедување на станбени единици за живеење со поддршка, кадешто можедасесместатнајмногудопетлица, односноседумдецабезродителиилиродителскагрижа
- Шелтер центар за жртви на семејно насилство

*Згрижување во семејство (згрижувачки семејства)*

- Иако оваа услуга е управувана од МТСП, општината може да даде значителен придонес во поддршка на кампањата за обезбедување што поголем број на згрижувачки семејства. Исто така Општина Делчево во

2023 година ќе обезбеди парична помош во висина од 10.000 денари за секое згрижувачко семејство.

## 2. Кратки информации за Општината Делчево и за политиките на локално ниво

Според пописот во 2021 година, вкупниот број на жители во општина Делчево е 13 585, од кои, во градот живеат 11 949 жители. Во општината живеат 6 806 мажи и 6 779 жени. Во 2023 година, Советот на општината го донесе Планот за социјална заштита за период 2023- 2025 година и во декември ја донесе годишната Програма за социјална, детска и здравствена заштита. (повеќе информации за општината и за документите, можете да најдете на веб страницата на општината www.delcevo.gov.mk).

Во врска со лицата со попреченост, во изминатиот период, Општина Делчево има посветено големо внимание за креирање на услови за обезбедување на социјални услуги  преку спроведување на проекти со поддршка на различни донатори во кои се пилотирани различни активности кои имаат потенцијал да прераснат во социјални услуги. Најмногу активности се реализирани преку учество во Програмата за општинско корисна работа (ОКР), спроведена во соработка и финансиска поддршка со УНДП, АВРМ и МТСП. Одзивот на постоечките здруженија на граѓани за лиценцирање на овластени даватели на социјални услуги беше многу мал, но општината се надева дека во иднина ќе се препознае бенефитот за граѓаните од воспоставување на квалитетни социјални услуги во  општина. Реализираните активности од оваа програма беа пред се за поддршка на стари и изнемоштени лица, лица со попреченост и образовни асистенти кои им помагаат на учениците со пречки во образовниот процес. Лиценца за овластени даватели на социјални услуги обезбедија ЗГ „Бравура кооператива“ и ОО на Црвен крст кои ќе работат пред се на услуги во домот и услуги во заедницата . Услугите за информирање и упатување досега ги даваше единствено ЈУ МЦСР Делчево и по некоја НВО но само како проектна активност, не и како востановена услуга.

Во врска со старите и изнемоштени лица, Општина Делчево презема мерки и активности за пружање на помош и нега на старите и изнемоштените лица во домашни услови, преку тимови на невработени лица кои имаат сертификат за пружање на помош и нега во домот. Најмногу активности се реализирани преку учество на невработените лица во Програмата за општинско корисна работа-грижа за стари и изнемоштени лица. Ангажирани се 14 невработени лица од кои 8 жени и 6 мажи, од нив 6 се Роми/ки и 8 Македонци/ки.

Централната власт во општината е присутна преку Меѓуопштинскиот центар за социјални работи и единствена институција во општината која згрижува лица со попреченост, Центарот за дневен престој за лица со попреченост . Со Дневниот центар менаџира МТСП преку ЈУМЦСР Делчево. Во тој Дневен

центар моментално се згрижени 6 деца со попреченост кои се до 18 годишна возраст.
Во врска со проблемите со кои се соочуваат старите и изнемоштени лица, досега централната власт нема интервенирано.  последните три години и кои се ефектите од нив;

Невладиниот сектор во градот преку нивните проектни активности работат на полето на воведување социјални услуги во домот за стари и изнемоштени лица , лица со попреченост и хронично болни лица. Досега две НВО добија лиценца за овие услуги. Во 2022 година преку мерката 7.2 – Обука и вработување на лица за обезбедување на услуги за грижа во заедницата , услугата за грижа во домот ќе ја спроведуваат ОО на ЦРВЕН КРСТ Делчево, како овластени даватели на услугата, а ќе пружаат услуга на 20 лица со алцхајмерова болест и деменција. Хуманитарно здружение за помош и поддршка на лица со попреченост БРАВУРА КООПЕРАТИВА Делчево исто така ќе ангажира невработени лица за грижа во домот и тоа 3 лица за палијативен неговател за болни и изнемоштени лица и 6 лица за асистенти/негователи за испорачување на услуга одмена на семејна грижа. Во 2023 година ќе се отпочне со II фаза од реализацијата на проектот за услуги во заедницата насловен како Клуб за социјална инклузија „Интегра“. ПроектотКлуб за социјална инклузија „Интегра“ е програма за вклучување на 12 лица со попреченост од Општина Делчево, во организирана форма на услуга за рехабилитација, професионална ориентација и социјализација, во рамките на центарот за дневен престој за лица со попреченост Делчево. Причините за потребата од проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра“ е отсуството на институционални и други алтернативни форми на услуги за возрасни лица со попреченост во Општина Делчево. Проектот е базиран на приоритетите од Акцискиот план за социјална заштита на Општина Делчево во делот  за маргинализирани групи.
Од 2023 година ЗГ „Бравура кооператива„ се стекна со лиценца за услугата рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост.

## 3. Цели на Социјалното мапирање

<u>Истражувачкопрашање:</u>

Кое е нивото и форматанаранливостнамажите и жените, момчињата и девојчињатасопопреченост,каквисенивнитеперцепциизаподобрувањенасостојбата и коиресурси се достапни на локалнониво за да се унапреди нивниот пристап до услугиза рехабилитација и реинтеграција.

<u>Општата цел</u> на социјалното мапирање е да создаде база на податоци за проблемите и потребите на ранливите лица, особено мажите и жените, момчињата и девојчињата со попреченост со цел да се подготват политики и мерки засновани на докази.

<u>Специфичницели:</u>

- даобезбедиподатоцизаизбранатагрупа - лицасопопреченостмажи и жени и момчиња и девојчиња - коинесесодржанивобазитенаподатоцинаопштината, државнитеинституции и НВОи;
- идентификувањенанивнитепроблеми и потребина мажи и жени и момчиња и девојчиња со попреченост;
- идентификувањенанивнитеставовизанадминувањенапроблемите и подобрувањенауслугитештогидобиваат;
- структурирањенапотребитенацелнатагрупаворазличниобласти (образование, транспорт, домување, социјалнагрижа, вработување, политичкоучество, заштита и спасувањеитн.);
- базанаподатоцизапостоечкимерки и услуги
- развивапрепоракизакреирањеполитики и мерки;
- податоцитеможедополнителнодасеобработуваат, возависностодпотребитенаопштината и
- проценка на потребите на идните и потенцијалните корисници и корисничкиi на услугите на Центарот за рехабилитација и реинтеграција заради планирање и остварување на нови услуги.

Истражувањето ќе создаде податоци за социо-економскиот статус на различни категории на лица со попреченост и потребите на давателите социјалните услуги. Резултатите ќе помогнат да се добие проценка за квалитетот и ефективноста на тековните социјални услуги и ќе им помогнат на општината, Центарот за социјална работа, Агенцијата за вработување, Фондот за здравство, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и невладините организации да преземат активности. и нудат услуги врз основа на препораките на социјалното мапирање. Податоците од социјалното мапирање ќе придонесат и за подобрување на локалните планови за управување со кризи и за заштита и спасување.

Придонес за интегрирање на Агендата 2030 и принципите на ЛНОБ во локалната програма за социјална заштита

Истражувањето ќе помогне да се зајакне социјалната програма на општината бидејќи податоците ќе се собираат во областа на неколку ЦОР од Агендата 2030 и ќе бидат сегрегирани врз основа на принципите на ЛНОБ. Следниве принципи ќе бидат вградени во истражувањето на прашањата опфатени со ЦОР: Образование-географија и дискриминација; Нема сиромаштија-географија, дискриминација, социо-економски статус и шокови; Нулта глад- географија и социо-економски статус; Инклузивни градови - географија и управување; Образование -; географија, социо-економски статус и дискриминација; Пристојна работа - дискриминација, социо-економски статус - шокови; Правда и учество-дискриминација, управување и социо-економски статус и Еднаквост-дискриминација, географија, управување и социо-економски статус.
Истражувањето ќе биде дизајнирано така што принципите на ЛНОБ може да се вклучат во формулирањето на прашалниците и во подготовката на препораките врз основа на резултатите. Програмата за социјална

заштита, која ќе се базира на истражувачки податоци и препораки, индиректно ќе ги инкорпорира целите на Агендата 2030 и принципите ,,Никој да не биде изоставен'' (LNOB).

## 4. Методологија

Теренското истражување е спроведено во октомври 2023 година со помош на анкетен прашалник, којшто е поделен тематски, согласно петте НЛОБ ризик фактори. Анкетирањето се спроведе меѓу 70 испитаници, лица со попреченост или родители/старатели на лица со попреченост. Истражувачкиот примерок е целен, бидејќи станува збор за целна група која се истражува и кон испитаниците не се пристапува случајно, туку врз основа на претходно добиени податоци за нив. Беше направена само структура на испитаници врз основа на видот на попреченост, за да може примерокот, приближно да го рефлектира процентот на различните видови на попреченост.
Креирањето на листата на потенцијалните испитаници беше направена преку прибирање на податоци од страна на општина Делчево од организациите на лицата со попреченост и Меѓуопштинскиот центар за социјални работи. Податоците беа составени од име и презиме на испитаникот, адреса и телефонски број. Заради заштита на личните податоци, одговорите на испитаниците се обработени, без некаде да се појави идентитетот на испитаникот, или, пак, индиректно, преку асоцирање на одредени нивни податоци.

Теренското истражување го спроведоа искусни анкетари, внимавајќи да бидат еднакво застапени мажи и жени. Анкетарите добија обука за структурата и содржината на прашалникот, целта на истражувањето, карактеристиките на примерокот, начинот на избор на испитаници, начинот на пристап до испитаниците, начинот на пополнување на прашалниците и водењето на дневник за реализирање на истражувањето. Теренското истражување се спроведе по принципот лице во лице во домовите на испитаниците.

По спроведеното теренско истражување, од страна на Центарот за европска граѓанска иницијатива беше направена телефонска контрола по случаен избор кај 22 испитаници, за да се провери дали анкетарот го направил интервјуто и беа поставени повторно неколку прашања од прашалникот, за да се утврди дали се опфатени сите делови од прашалникот и дали се коректно пополнети. Потоа се направи логичка и техничка контрола на пополнетите прашалници. Прашалниците најпрвин беа внесени во exelтабела а потоа пренесени во SPSS програмата. Секој број на ред во exel/SPSS програмите соодветсвуваше со нумерацијата на прашалникот и лесно можеше да се утврди одредена грешка при внес на податоците и да се спореди со внесениот податок во прашалникот.

Обработката на податоците се направи преку утврдување на честина на одговорите за секое прашање, изразена во број на одговори и проценти и преку вкрстување на две прашања каде што независни варијабли се полот, видот на попреченост, возраста и местото на живеење, зависно од валидноста на овие независни варијабли при утврдувањето на нивното влијание врз материјата, која е опфатена со прашањето.

**Структура на примерок**

**Својство на испитаникот:**

| | **Број** | **Процент** |
|---|---|---|
| Лице со попреченост | 57 | 81,4 |
| Родител / старател на лице со попреченост | 13 | 18,6 |
| Вкупно | 70 | 100,0 |

**Вид на попреченост:**

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Лице со интелектуална попреченост | 28 | 40,0 |
| Лице со оштетување на вид и слепило | 3 | 4,3 |
| Лице со оштетување на слух, говор и глувост | 2 | 2,9 |
| Лице со телесна/физичка попреченост | 11 | 15,7 |
| Лице со комбинирани попречености | 24 | 34,3 |
| Лице со проблеми со менталното здравје | 2 | 2,9 |
| Вкупно | 70 | 100,0 |

**Место на живеење:**

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Град | 51 | 72,9 |
| Село до 50 жители | 1 | 1,4 |
| Село од 50 до 300 жители | 12 | 17,1 |
| Село до 300 жители | 2 | 2,9 |
| Село од 300 до 1000 жители | 4 | 5,7 |
| Вкупно | 70 | 100,0 |

**Пол:**

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Машко | 47 | 67,1 |
| Женско | 23 | 32,9 |
| Вкупно | 70 | 100,0 |

**Возраст:**

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Од 18 до 30 години | 21 | 30,0 |
| Од 31 до 40 години | 28 | 40,0 |
| Од 41 до 50 години | 17 | 24,3 |
| Од 51 до 60 години | 2 | 2,9 |
| Над 60 години | 2 | 2,9 |
| Вкупно | 70 | 100,0 |

**Возраст на лицата, во чие име одговараа нивните родители/старатели:**

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Од 18 до 26 | 1 | 7,7 |
| Од 31 до 40 | 5 | 38,5 |
| Од 41 до 50 | 3 | 23,1 |
| Од 51 до 60 | 1 | 7,7 |
| Од 61 до 70 | 2 | 15,4 |
| Одбива да одговори / не знае | 1 | 7,7 |
| Вкупно | 13 | 100,0 |

**Фокус групи**

Во општината Делчево се реализираа три фокус групи. Правата со членови на општинскиот Совет за социјална заштита, втората со претставници на граѓански организации, лица со попреченост и стари лица и третата со родители/старатели на корисници на Центарот за рехабилитација и реинтеграција, којашто имашезацел да направи потврдување на истражувачките наоди. Целта на првата фокус група беше да се добие поширока слика за состојбите на различните категории на лица, кои може да се идентификуваат како ЛНОБ категории од аспект на претставниците на институциите, втората имаше за цел да се добие подлабинска слика за состтојбите на целните групи а третата да направи контрола и подлабинска анализа нарезултатите од анкетата. Резултатите од дискусиите се наведени во посебен дел на овој извештај, претставени како кратки записи и клучни поенти.

**Интегрирање на родовата перспектива во спроведување на социјалното мапирање**

Родовата перспектива е интегрирана во сите фази на социјалното мапирање преку следните чекори:

- ✓ Истражувачот, автор на извештајот, помина 6 часа обука за интегрирање на родовата перспектива во социјалното мапирање;

- ✓ Прашалникот за социјалното мапирање е подготвен од родово избалансиран тим од експерти, соработници, одговорни лица од општините и стручни лица – даватели на услуги;
- ✓ Обезбедено е подеднакво учество на мажи и жени во тимот на анкетари;
- ✓ Обезбедено е подеднакво учество на мажи и жени во примерокот на истражувањето;
- ✓ Распоредот на анкетарите и анкетарите за спроведување на теренското истражување е направен земајќи ја предвид половата структура на примерокот;
- ✓ Теренското истражување е спроведено во време и место кое одговара на потребите на лицата со попреченост, мажи и жени, момчиња и девојчиња;
- ✓ Во прашалникот задолжително се прибира податокот за полот на испитаниците;
- ✓ Податоците се собрани, обработени и анализираниврз основа на полот како карактеристика;
- ✓ При подготовка на препораките се земни предвид различните потреби на лицата со попреченост, мажи и жени, момчиња и девојчиња.

## 5. Резултати од социјалното мапирање

Резултатите од социјалното мапирање се претставени преку толкувањето на податоците и визуелно претставување со табели и графикони. Резултатите се претставени согласно тематските делови на анкетниот прашалник, коишто соодветствуваат на ризик факторите. На крајот на секое потпоглавје, кое соодветствува на ризик факторот, се подготвени заклучоци и се дадени препораки. Бидејќи се става фокус на родовиот баланс , освен честината на одговорите се интерпретираа и корелациите на одговорите со полот на испитаниците. За одредени прашања се направи тестирање и на корелацијата меѓу одговорите на прашањата и со видот на попреченост, местото на живеење и возраста на испитаниците.

Во овој дел се содржани и клучните сознанија од реализираните фокус групи. Едната фокус група се реализираше меѓу претставници на локалните чинители а втората меѓу лица, кои припаѓаат на конкретни категории на граѓани, коишто се претпоставува дека се изолирани во заедницата.

### 5.1. Анализа на географското означување (гео-тагирање) за достапните социо-економски ресурси

Приказ на пристапноста на објектите за лицата со попреченост во општина Делчево (отворете го линкот).

https://www.google.com/maps/d/edit?mid=19nJXVphDjuDojVpNbytt_l9zuPBPKvA&usp=sharing

### 5.2. LNOB група – лица со попреченост

Ризик фактор: социо-економски статус

Истражувањето покажа дека повеќе од 2/3 од испитаниците не се во партнерство или во брак и претставува една од причините за поголема потенцијална изолација на лицата со попреченост.

/




Анализирајќи ја демографската структура на испитаниците, може да се заклучи дека како ризик фактор за исклучување е недоволната квалификација која е една од причините за да можат да се вклучат во активниот пазар на труд. Имено, околу 2/3 од испитаниците немаат средно образование, од кои околу ¼ немаат ниту основно образование. Имајќи предвид дека најголемиот број на работни места на пазарот на трудот се условени со минимум средно образование, ова е показател за една од причините за економската исклученост на лицата со попреченост во општина Делчево. Но, истовремено, тоа е показател и за немањето на соодветен и инклузивен систем на средно образование. Ова го потврдуваат и одговорите на прашањето кое се однесува на економскиот статус, од коишто се гледа дека само околу 30% од испитаниците се во одреден работен однос. Но, истовремено, евидентно е од табелата подолу, дека нема вработени лица со попреченост во јавниот сектор. Може да се заклучи дека државните власти немаат соодветна политика за вработување на лицата со попреченост во јавниот сектор. Беше тестирана поврзаноста меѓу видот на попреченост и полот на лицата со попреченост со нивниот економски статус и се покажа дека кај лицата со телесна попреченост е поголем бројот на вработени лица, поточно над 50%, во однос на останатите видови на попреченост. *Анализата на резултатите покажа родов баланс во врска со вработеноста на лицата со попреченост*. Половина од невработените лица се активни баратели на работа што е дополнителен проблем во врска со нивната економска исклученост. И во врска со ова прашање се тестираше врската меѓу полот и дали бараат работа и *се утврди родов баланс*. Околу 1/3 од вработените изјавија дека немаат проблеми на своите работни места, а исто толкав процент одговорија дека работодавачот не ги вреднува еднакво со оние работници, кои немаат попреченост. *Анализата на податоците покажа дека жените имаат за три пати повеќе проблеми на своите работни места за разлика од мажите*.




Резултатите од истражувањето покажаа дека околу 20% од испитаниците немале никакви приходи. Околу 1/3 од испитаниците оствариле приход врз основа на плата.

Околу 1/3 од испитаниците имале приходи помалку од 12 000 денари а само 8,6% од испитаниците имаат повеќе од минималната плата.

**Колку изнесуваат Вашите лични месечни примања?**

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Помалку од 12.000 денари | 25 | 35,7 |
| 12.000 – 20.000 денари | 13 | 18,6 |
| 20.000 – 24.000 денари | 15 | 21,4 |
| 24.000 – 30.000 денари | 6 | 8,6 |
| Одбива да одговори / не знае | 11 | 15,7 |
| Вкупно | 70 | 100,0 |

Добар показател за намален ризик од социјална изолација на лицата со попреченост е фактот што помалку од 5% од испитаниците живеат сами.Ова покажува можност од семејна поддршка на лицата со попреченост, како еден од предусловите за подобра социјална сигурност. Но, истовремено ова е показател и за немањето на социјални услуги, кои ќе овозможат поголема самостојност на лицата со попреченост.

**Колкав е бројот на членови на Вашето домаќинство?**

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Живеам сам/а | 3 | 4,3 |
| Два | 16 | 22,9 |

| | | |
|---|---|---|
| Три | 15 | 21,4 |
| Четири | 30 | 42,9 |
| Пет | 5 | 7,1 |
| Повеќе од пет | 1 | 1,4 |
| Вкупно | 70 | 100,0 |

Над 80% од испитаниците одговорија дека нивниот семеен буџет не ги задоволува нивните основни потреби. Ваквата лична перцепција на примањата наспроти потребите е показател за високиот процент на социјална исклученост на лицата со попреченост.




Еден од показателите за исклученост и крајна сиромаштија е немањето на доволно вода за пиење. Од табелата подолу, може да се заклучи дека 20% од испитаниците имаат проблеми со редовен пристап до вода за пиење. Не се истражуваа причините, односно дали станува збор за намален притисок, несоодветна инсталација или немање на приклучок на водоводната мрежа. Но, доколку се има предвид дека прашањето се однесува за последниот месец, а анкетирањето е спроведено во есен, кога нема големи суши, тогаш заклучокот е дека испитаниците имаат проблем со несоодветна инсталација или неквалитетен дотур на вода во текот на целата година.

**Во последниот месец дали имало периоди кога домаќинството немало доволно количини вода за пиење кога тие биле потребни?**

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Да | 14 | 20,0 |
| Не | 55 | 78,6 |
| Одбива да одговори / не знае | 1 | 1,4 |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно | 70 | 100,0 |

Втор важен показател за крајна сиромаштија е гладот кај населението. Испитаниците беа прашани дали последниот месец не можеле да си дозволат оброк. Околу 20% од нив немале можност да си дозволат оброк до три пати а над 10% четири и повеќе пати во текот на месецот. Овие резултати покажуваат дека гладот е присутен кај повеќе од 1/3 од испитаниците и е најсилен показател за социјална исклученост, но и за итна потреба од социјална поддршка на оваа категорија на граѓани. Во врска со ова прашање, се тестираше гладот меѓу мажите и жените и *не се покажа родов дисбаланс*.

Информатичката технологија во последниот период е широко достапна меѓу граѓаните, вклучително и кај лицата со попреченост. Близу 40% од нив имаат компјутер или лап топ, што претставува добар потенцијал за да може дел од нив да имаат поедноставен пристап до информации и да се вклучат на пазарот на труд од дома. На ова се надоврзува и податокот дека околу ½ од испитаниците имаат интернет за лична употреба. Но, околу ¼ не можат да си дозволат интернет за лична употреба, што претставува и фактор за потенцијално комуникациско исклучување на лицата со попреченост.

**Дали имате пристап до интернет за лична употреба?**

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Имам. | 36 | 51,4 |
| Немам, не можам да си дозволам. | 18 | 25,7 |
| Немам, не ми е потребно. | 16 | 22,9 |
| Вкупно | 70 | 100,0 |

Истражувањето покажа дека сите испитаници имаат телевизор а повеќе од 70% од нив имаат пристап до поголем број на канали. Ова е добар показател за неисклученост на лицата со попреченост од пристапот до информации и придобивките на масовните медиуми.

Од табелата подолу видливо е дека ¼ од испитаниците не можат да си дозволат топол дом, како еден од важните показатели за постоење на крајна сиромаштија. Исто толкав процент од испитаниците не се во можност да ги купат потребните лекови, а ова е уште еден показател за крајна сиромаштија. Дополнителен показател за постоење на висок процент на сиромаштија е податокот дека околу 60% од испитаниците не можат да си дозволат месо или нивен вегетаријански еквивалент. Очигледно е дека кај испитаниците постои традицијата најпрвин да се платат трошоците за комуналните услуги и потоа да се располага со приходите во текот на месецот на штета и на сопственото здравје. Ова го покажуваат податоците дека 80% од нив ги плаќаат нивните комунални услуги. Податоците покажуваат дека за 95% од испитаниците недостижни се заштедата од 300 од 500 евра и ангажирање на лице кое ќе се грижи за нив а само за 10% е достижен еднонеделен одмор. Ако се сумираат

резултатите, ќе се заклучи дека лицата со попреченост се во висок социјален ризик.

**Дали може да си дозволите?**

| | | Да | Не | Одбива да одговори / не знае |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Греење за домот да биде доволно топол. | 75,7% | 24,3% | / |
| /2 | Плаќање за еднонеделен одмор надвор од дома | 10,0% | 90,0% | / |
| 3 | Јадење месо или нивниот вегетаријански еквивалент. | 38,6% | 58,6% | 2,9% |
| 4 | Ангажирање лице кое ќе се грижи за Вас. | 2,9% | 97,1% | / |
| 5 | Плаќање неочекувани или неопходни расходи во износ од 300 до 500 евра. | 5,7% | 94,3% | / |
| 6 | Купување лекови што Ви се препишани или потребни на некој друг член од семејството. | 74,3% | 25,7% | / |
| 7 | Плаќање сметки (комунални услуги) за живот | 80% | 20,0% | / |

**Здравствени услуги**

Еден од аспектите на социо- економскиот статус како ризик фактор за исклучување е квалитетот на здравствените услуги. За да се процени опфатот и видот на здравствените услуги, коишто треба да ги добиваат лицата со попреченост, во истражувањето беше направена проценка на здравствената состојба, според видот и степенот на попреченост. Ваквата проценка е врз основа на лаичка, индивидуална перцепција на интервјуираните лица со попреченост или на родителите односно старателите на лицата со попреченост или врз основа на одговорите, засновани на дијагноза. Испитаниците имаа можност да изберат повеќе од еден одговор. Од одговорите прикажани во табелата подолу, видливо е дека околу ¾ од испитаниците имаат интелектуална попреченост, а ¼ имаат проблем со говорот а околу 1/3 проблеми со долните и горните екстремитети. Имајќи предвид дека испитаниците можеа да одговорат со одговорот „да“ на повеќе од едно од прашањата, може да се заклучи дека дел од лицата со интелектуална попреченост имаат и комбинирана попреченост, односно имаат проблеми и со говорот и со екстремитетите. Во структурата на испитаниците, 10% се оние кои имаат проблем со видот и со исто толкав процент и оние кои имаат проблем со слухот.

| | | Да | Не | Одбивадаодговори / незнае |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Лицето е целоснопарализирано, номожедакористиинвалидскаколичка. | 1,4% | 98,6% | / |
| 2 | Лицето е делумнопарализирано (користипомагало и седвижи). | 5,7% | 94,3% | / |
| 3 | Ограниченокористењенарацетеилипрстите. | 34,3% | 65,7% | / |
| 4 | Ограниченокористењенанозетеилистапалата. | 14,3% | 85,7% | / |
| 5 | Тешкотијадазема и користиработиоддомаќинството. | 20,0% | 80,0% | / |
| 6 | Имазатемнувања, напади и губењенасвест. | 7,1% | 92,9% | / |
| 7 | Лицетоимаделумнооштетенвид. | 10,0% | 90,0% | / |
| 8 | Лицетоимааутистиченспектар. | 2,9% | 97,1% | / |
| 9 | Немавид (слепило). | 2,9% | 97,1% | / |
| 10 | Имацелосноооштетенслух. | 2,9% | 95,7% | 1,4% |
| 11 | Имаделумнооштетенслух. | 10,0% | 90,0% | / |
| 12 | Лицетоимапроблемисоговорот. | 28,6% | 71,4% | / |
| 13 | Чувствувахроничниболки и тешкоседвижидури и сопомагало. | 4,3% | 95,7% | / |
| 14 | Интелектуалнапопреченост (форминаретардација) | 74,3% | 25,7% | / |
| 15 | Лицето е целоснопарализирановолежечкаположба. | / | 100,0% | / |
| 16 | Имасилнодушевнорастројство (менталнаболест). | / | 100,0% | / |
| 17 | Недостатокнагоренекстремитет (рака) | 1,4% | 98,6% | / |
| 18 | Недостатокнагорнитеекстремитети (дветераце) | 1,4% | 98,6% | / |
| 19 | Недостатокнадоленекстремитет (нога) | / | 100,0% | / |
| 20 | Недостатокнадолнитеекстремитети (дветенозе) | / | 100,0% | / |
| 21 | Недостатокнагорен и доленекстремитет (рака и нога) | / | 100,0% | / |
| 22 | Нарушување и деформацијанателото | 14,3% | 85,7% | / |

Околу половина од испитаниците сметаат дека нивната здравствена состојба, односно здравствената состојба на лицата на кои им се старатели/родители е лоша или многу лоша. Ова е лична перцепција на анкетираните лица, но е добар показател за да се направи проценка на здравствената состојба на лицата со попреченост.




Се направи анализа на поврзаноста на општата здравствена состојба со видот на попреченост и може да се заклучи дека кај лицата со комбинирана попреченост овој процент за половина е повисок во однос на останатите попречености, односно 75% од нив имаат лоша или многу лоша здравствена состојба. Се претпоставува дека ова е разбирливо, бидејќи секој вид на попреченост ја загрозува здравствената состојба и доколку се повеќе видови на попречености кај едно лице, ризиците се зголемуваат.




Се тестираше перцепцијата за општата здравствена состојба со полот на испитаникот и се заклучи дека *има родов баланс* во врска со ова прашање.

Резултатите покажуваат дека 2/3 од испитаниците, попреченоста ја имаат од раѓање а тоа е показател дека станува збор за хронични состојби, кои може да се влошуваат и мала е веројатноста дека проблемите од попреченоста може да се намалат. Врз основа на ова, потребно е да се креираат и видовите на социјална поддршка кон овие лиц (повеќе видете во табелата подолу).

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Одраѓање | 46 | 65,7 |
| Повреда | 6 | 8,6 |
| Болест | 14 | 20,0 |
| Друго | 2 | 2,9 |
| Одбивадаодговори / незнае | 2 | 2,9 |
| Вкупно | 70 | 100,0 |

Од резултатите од табелата подолу, видлива е самоперцепцијата во еден општествен контекст, од којашто зависи и степенот на исклученост на лицата. Имено, личните врски се најдобро оценети, а најниско е оценет односот кон нив во текот на добивањето на здравствените услуги. Околу 1/3 од испитаниците со оценка 1 и 2 ја оценуваат личната безбедност и задоволството од животот. Само околу 10% од испитаниците високо го оценуваат чувството на заборавеност од заедницата што е добар показател за предноста на малата локална заедница во пружањето на поддршка на лицата со попреченост. Беше

тестирана врската меѓу полот на испитаниците и одговорите на прашањата наведени во табелата и резултатите покажаа дека *постои родов баланс*.

**Наскалилоод 1 до 5 каде 1 е најниска, а 5 највисокаоценкакакостезадоволниилико косечувствуватевоврскасо:**

| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | Одбивадаодговори / незнае |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Личниврскисоостанатителуѓе? | / | 10,0% | 64,3% | 24,3% | 1,4% | / |
| 2 | Далисечувствуватебезбедно? | 2,9% | 27,1% | 31,4% | 30,0% | 8,6% | / |
| 3 | Колкустезадоволниодвашиотживотвоцелост? | 8,6% | 27,1% | 37,2% | 24,3% | 2,0% | / |
| 4 | Далисечувстуватезаборавениодзаедницата? | 25,7% | 45,7% | 18,6% | 7,1% | 2,9% | / |
| 5 | ДалидобросеоднесуваатсоВаскогадобиватездравственанега и услуги? | 5,7% | 37,1% | 40,0% | 14,3% | 2,9% | / |

Од табелата подолу, може да се заклучи дека лицата со попреченост немаат проблем со добивањето на здравствена услуга кај својот матичен лекар, бидејќи околу 80% ја добиле без проблем, за разлика од прегледот кај специјалист, за којашто услуга немале проблем да ја остварат двојно помалку во однос на матичниот лекар, односно околу 40%. Ова е показател за висок процент на тешкотии во добивањето на здравствени услуги кај лекар специјалист.

**Даливопоследните 12 месециВибилпотребенnаВас (налицето) некојоднаведенитездравственипрегледи / услуги, нонестегодобиле?**

| | | Да, еднаш, нонедобивпреглед | Да, повеќепати, нонедобивпреглед | Да, нодобивпреглед | Немавтаквапотреба | Одбивадаодговори / незнае |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Општмедицинскипрегледкајматичниотлекар | / | 1,4% | 82,9% | 15,7% | / |
| 2 | Специјалистичкипреглед (наприммероченлекар, невролог, ортопед) | 1,4% | 31,4% | 41,4% | 25,7% | / |

Од табелата подолу, може да се заклучи дека причината зошто не добиле здравствена услуга најчести се одговорите дека услугата е скапа, здравствената услуга ја нема во болницата каде живее испитаникот и далечината на здравствената установа.

**Коисеглавнитепричинизарадикоинедобивте (недобилолицето )прегледилиздравственауслугакогаВибешепотребна?**

| | | Број | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | Неможевдасидозволам (услугата е прескапа). | 12 | 17,1 |
| 2 | Здравственитеустановиседалекуодместотокадежи веам. | 5 | 7,1 |
| 3 | Вомојатаамбуланта / болницанематаковдокторвомојатаамбуланта / болница. | 10 | 14,3 |
| 4 | Одбивадаодговори / незнае. | 15 | 21,4 |
| 5 | Неможевдасидозволам и физичкибариеривоустановата. | 1 | 1,4 |
| 6 | Неможевдасидозволам и нематаковдокторвомојатаамбуланта / болница. | 7 | 10,0 |
| 7 | Неможевдаотидамнадоктор и нематаковдокторвомојатаамбуланта / болница. | 1 | 1,4 |
| 8 | Здравственитеустановиседалекуодместотокадежи веам и нематаковдокторвомојатаамуланта / болница. | 9 | 12,9 |
| 9 | Неможевдасидозволам, неможевдаотидамдоктор и нематаковдокторвомојатаамбуланта / болница. | 1 | 1,4 |
| 10 | Неможевдасидозволам, здравственитеустановиседалекуодместотокадежи веам и нематаковдокторвомојатаамбуланта / болница. | 6 | 8,6 |
| 11 | Неможевдасидозволам, неможевдаотидамналекар, здравственитеустановиседалекуодместотокадежи веам и нематаковлекарвомојатаамбуланта / болница. | 2 | 2,9 |
| 12 | Неможевдаотидамналекар, здравственитеустановиседалекуодместотокадежи веам, физичкитебариеривоустановата и нематаковлекарвомојатаамбуланта / болница. | 1 | 1,4 |
| | Вкупно | 70 | 100,0 |

Околу половина од испитаниците имаат проблеми со движењето а околу ¼ имаат потреба од помош при движењето. Околу 2/3 од испитаниците имаат здравствена установа на 2 км оддалеченост од нивното место на живеење, но на 1/3 од испитаниците установата или им е далеку или имаат проблем да отидат до неа. Приближно 1/3 од испитаниците имаат потреба да отидат на лекар еднаш месечно а 6% еднаш неделно. Над 80% од испитаниците

одговориле дека немаат потреба од патронажна услуга. Ова е показател дека или лицата со попреченост имаат поддршка од семејството или не се навикнати да ја добиваат.
Сите испитаници одговорија дека не ги добиваат сите здравствени услуги. Исто така, беа замолени да одговорат кои видови на услуги им недостасуваат, имајќи можност да изберат повеќе одговори. Од табелата подолу може да се заклучи дека најчеста е потребата од превоз до здравствената установа.

**КоиуслугиВи/ мунедостасуваат?**

| | | Број | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | Превоззалицасопопреченостдоздравствената установа. | 44 | 62,9 |
| 2 | Друго | 10 | 14,3 |
| 3 | Патронажнауслуга и превоззалицасопопреченостдоздравственатау станова. | 12 | 17,1 |
| 4 | Доставананеопходните лекарства и превоззалицасопопреченостдоздравственатау станова. | 2 | 2,9 |
| 5 | Превоззалицасопопреченостдоздравствената установа и друго. | 2 | 2,9 |
| | Вкупно | 70 | 100,0 |

Објаснувајќи ја структурата на испитаниците, видовме дека најголемиот процент од нив се лица со интелектуална и комбинирана попреченост. Имајќи го предвид ова, видот на потребните уреди и помагала за олеснување на животот кои најчесто ги избираат испитаниците, соодветствуваат со доминантниот вид на попреченост. Испитаниците можеа да изберат повеќе од еден одговор и најчеста е потребата од уреди за меморирање на обврски/задачи а 12% имаа потреба од личен систем за итен повик на здравствена служба.

**Коиоднаведенитеуреди и помагаласметатедекаќеВи/ мугоолеснатживеењето и требадаВибидатобезбедени?**

| | | Број | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | Уредизамеморирањеобврски / задачи | 15 | 21,4 |
| 2 | Паметнаалказаследењенакрвенпритисок, пулс, аларм за лекови | 4 | 5,7 |
| 3 | Производизаориентацијанавреме | 2 | 2,9 |
| 4 | Преносниармки (подлоги) запреминодеднонадругонивосоинвалидскаколичка | 1 | 1,4 |
| 5 | Личенсистемзаитенповикназдравственитеслужби | 9 | 12,9 |
| 6 | Лупазачитање. | 1 | 1,4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Асистивна технологија | 3 | 4,3 |
| 8 | Друго | 25 | 35,7 |
| 9 | Паметнаалка и производизаориентацијанавреме | 1 | 1,4 |
| 10 | Products for time orientation and Emergency call system | 1 | 1,4 |
| 11 | Уредизамеморирањенаобврски / задачи и асистивнатехнологија | 1 | 1,4 |
| 12 | Уредизамеморирањенаобврски / задачи и друго | 1 | 1,4 |
| 13 | Уредизамеморирањенаобврски / заначи, паметнаалка и производизаориентацијанавреме | 1 | 1,4 |
| 14 | Паметнаалка и лупазачитање | 1 | 1,4 |
| 15 | Преноснирамки, столсоилибезтркалца и инвалидскаколичкасоадаптацијазаво WC | 1 | 1,4 |
| 16 | Инвалидскаколичказаадаптацијаво WC и леснопреносилијатоалетнашолја и водоотпоренстол | 1 | 1,4 |
| 17 | Асистивна технологија и друго | 1 | 1,4 |
| 18 | Уредизамеморирањеобврски / задачи, индалидскаколичкасоадаптацијазаво WC, леснопреносливатоалетнашколка, водоотпоренстол и личенсистемзаитенповик | 1 | 1,4 |
| | Вкупно | 70 | 100,0 |

**Услуги во домот**

Социо- економскиот ризик фактор е тесно поврзан со поддршката којашто можат на лицето со попреченост да му ја дадат најблиските членови во семејството или лицата од неговото најтесно опкружување. Резултатите покажаа дека за ¼ од испитаниците не се грижи никој, а за дури повеќе од половина се грижат нивните родители/старатели. Од една страна, ова може да се толкува како постоење на грижа за нив од страна на најблиските, но од друга страна, ова покажува и недоволно развиен систем за социјална поддршка во заедницата. Но, ова е показател и за економско-социјална изолација на родителите и ставање во ризик на лицата со попреченост на среден или долг рок, откако родителите нема да бидат во можност да ја пружат потребната грижа кон своите деца. Се провери корелацијата на ова прашање со полот на испитаникот и се констатира *родов баланс во одговорите*.

**КојсегрижизаВас/ залицетоводтекотнаденот?**

| | Број | Процент |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Никојнеми/мупомага | 19 | 27,1 |
| Родителот/родителите | 38 | 54,3 |
| Детето/децата | 5 | 7,1 |
| Роднини/пријатели | 5 | 7,1 |
| Лицеодкуманитарна/невладинаорганизација | 1 | 1,4 |
| Друго | 2 | 2,9 |
| Вкупно | 70 | 100,0 |

Надоврзувајќи се на горе наведеното прашање, беа прашани родителите/старателите како грижата за лицата со попреченост се одразило на нивниот професионален живот. Приближно 2/3 од испитаниците воопшто не се вработиле или го прекинале работниот однос и овие резултати покажуваат висок степен на социјален ризик на родителите на лицата со попреченост и потреба од социјални услуги, коишто ќе придонесат во ослободување на родителите/старателите од обврските за грижа на лицата со попреченост.

**КакотоасеодразуванаВашиотпрофесионаленживот? (одговараатсамородители)**

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Придонесејас/мојотсопруг/мојатасопругадаостаненевработена | 5 | 38,5 |
| Придонесејас/мојотсопруг/мојатасопругадајанапуштимеработата | 3 | 23,1 |
| Работам/ работисопругот/сопругатасоскратеноработновреме | 1 | 7,7 |
| Неможам/неможедаработамдополнителниактивности (работанаполе и сл.) | 3 | 23,1 |
| Одбивадаодговори / незнае | 1 | 7,7 |
| Вкупно | 13 | 100,0 |

Од табелата подолу, видливо е дека половинаод испитаниците изразиле потреба речиси за сите видови на поддршка во домот. За секојдневна помош, најголем процент имаат потреба во остварувањето на средба со своите роднини/пријатели, потреба од помош еднаш неделно имаат најмногу потреба за чистење во домот и за перење на алишта а еднаш месечно за одење во банка и кај лекар. Ваквите податоци се показател за висок процент на потреба во домот на лицата со попреченост, односно на родителите/старателите на лицата со попреченост.

На лицата со попреченост им беше поставено прашањето*Доколкусериозносевлошивашатаздравственасостојбаилиматекревкоздравје и неможетедагонапуштитевашиотдомзавршењенасекојдневнитеактивности какопазарењеилиснабдувањесоосновнителекови и подмирувањенамесечнитесметкидалиматекомудасеобратитезапомош и поддршка*? На ова прашање околу 80% одговорија дека ќе се обратат на лицата од семејството со кои живеат и на своите родители/старатели.

**Дали и колкупатиВи е потребнапомошзаследнитесекојдневниактивности?**

| | | Потребнамие помошсекојден | Потребнамие помошбаремеднашнеделно | Потребнамие помошбаремеднашмесечно | Неми е потребнапомош | Одбиваддаодговори / незнае |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Пазарењенамирници | 11,4% | 20,0% | 22,9% | 45,7% | / |
| 2 | Чистењеводомот | 18,6% | 31,4% | 8,6% | 41,4% | / |
| 3 | Купувањелекови | 2,9% | 18,6% | 24,3% | 54,3% | / |
| 4 | Одењедобанка | 2,9% | 11,4% | 31,4% | 54,3% | / |
| 5 | Перењеалишта | 15,7% | 27,1% | 2,9% | 54,3% | / |
| 6 | Одењеналекар | 4,3% | 7,1% | 35,7% | 52,9% | / |
| 7 | Движењенадвороддомот (прошетка) | 25,7% | 10,0% | 4,3% | 60,0% | / |
| 8 | Остварувањесредбисопријатели/роднини | 24,3% | 8,6% | 1,4% | 45% | 1,4% |

Половина од испитаниците имаат потреба да разговараат состручнилица за нивните проблеми односно за проблемите на лицата со попреченост на кои се родители/старатели. Овој податок е показател за потребата од засилување на психо- социјалната и правната поддршка во општината.

//




Само 3% од испитаниците ја добиваат услугата лична асистенција а 11,4% не се информирани за оваа услуга. Ваквиот исклучително низок процент на користење на оваа услуга, упатува на потребата од зголемување на информираноста за можностите кои ги дава оваа услуга. Околу 1/3 од испитаниците одговориле дека личната асистенција им е неопходна и би ја користеле доколку им е достапна.

**Услуги во заедницата**

Приближно 40% од испитаниците го користеле Дневниот центар а околу 1/3 се задоволни од неговите услуги. Околу 20% од испитаниците не се информирани за постоењето на Дневниот центар а 11,4% од испитаниците, иако не се информирани би сакале да го користат.

Околу 15% од испитаниците користат услуги на социјален клуб а околу половина од испитаниците би сакале да користат таква услуга, но не се информирани за негово постоење.

Истражувањето покажа дека *двојно повеќе мажите во однос на жените сметаат дека социјалните клубови се наменети за лица со друг вид на попреченост, различен од нивниот*.




Од табелата подолу, може да се заклучи дека само околу 1/3 од испитаниците не искажуваат потреба од користење на народна кујна. Најголемиот дел од испитаниците или ја користеле или сакале да ја користат, но немале можност. Податоците покажуваат дека 11,4% од испитаниците заради попреченоста не се во можност да ги користат услугите и исто толкав процент не се информирани. Општиот заклучок од резултатите е дека е висок процентот на испитаниците кои имаат потреба од ваков вид на услуга и може да се заклучи уште еднаш дека голем процент од лицата со попреченост се во висок социјален ризик. Исто така, заклучокот е дека е потребно и јакнење на јавната свест и прилагодување на услугата на потребите на лицата со попреченост. Податоците покажуваат дека 42% од испитаниците имаат потреба храната да им се доставува дома.

**Даливоопштинатаиманароднакујнакадесеслужи и носихраназаранливикатегориизграѓаниилилицасопопреченост?**

| | | Број | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | Да, иманозарадимојата/неговатапопреченостнеможамдајакористам/користи. | 8 | 11,4 |
| 2 | Да, има и јакористам/и и многусумзадоволен/на. | 3 | 4,3 |
| 3 | Да, има, нонеми/мубешедозволенодајакорист | 6 | 8,6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ам/користи. | | |
| 4 | Да, има и гокористам/користи иделумносумзадоволен/на. | 18 | 25,7 |
| 5 | Да, имајакористам/користи и воопштонесумзадоволен/на. | 4 | 5,7 |
| 6 | Несуминформиран/а а бисакал/а дајакористам/користи. | 8 | 11,4 |
| 7 | Несуминформиран/а, нонемампотребадајакористам. | 19 | 27,1 |
| 8 | Одбивадаодговори / незнае | 4 | 5,7 |
| | Вкупно | 70 | 100,0 |

На прашањето *Далиимате/имапотребазаВас/лицетоодорганизиранпревоздолокациикоинајчестосепосетуваат?* 78,6% од испитаниците позитивно одговорија на ова прашање.




Резултатите од истражувањето уште еднаш покажаа дека најголемиот проблем на лицата со попреченост се економско- социјалната изолација и сиромаштијата. Околу 2/3 од испитаниците имаат потреба од пакети со храна и парична помош во купување на лекови. На следното ниво на приоритети, со потреба на околу половина од испитаниците, се користењето на услугата за рехабилитација и реинтеграција , дневен центар за грижа додека најблиските се на работа и пристапот до информации на разбирлив начин. Најмала е потребата од куќа на пола пат, групен дом, сместување во установа и потреба од услуги на знаковен јазик. Овие податоци покажуваат дека испитаниците не сакаат да бидатодносно нивните деца одделени од семејната средина и се уште не постои подготвеност да се поддржи модел за одвоено и самостојно живеење со поддршка. Останатите услуги, како што покажува табелата, се

потребни за околу 25% до 35% од испитаниците, што претставува забележително ниво на потреба и е основа за креирање на дополнителни услуги.

**Далиимате/имапотребаодследниоввиднауслуги**

| | | Да | Не | Несумразмислувал/а | 4,00 | 33,00 | Одбивадаодговори / незнае |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Сместувањевоустановакојадавагрижаналицасопопреченост | 5,7% | 77,1% | 17,1% | / | / | / |
| 2 | Групендом (даделитестаниликуќасонеколкулицасоистаилисличнапопреченостнаВашата) | 8,6% | 84,3% | 7,1% | / | / | / |
| 3 | Дневенпрестој, кадештоќесегрижатзаВас/негододекасеВашите/неговитенајблиски сенаработа | 47,1% | 51,4% | 1,4% | / | / | / |
| 4 | ПосетаодсоцијаленработникзадаможедајаинформиратеопштинататазаВашитепроблеми | 32,9% | 57,1% | 8,6% | / | / | 1,4% |
| 5 | Програмазадоквалификацијаилипреквалификацијазадаможетедасевработитеилиданајдетеподобраработа | 38,6% | 55,7% | / | 2,9% | 1,4% | 1,4% |
| 6 | Еднашнеделнодасеземаоблеказаперење | 15,7% | 72,9% | 7,1% | 2,9% | / | 1,4% |
| 7 | Помошсопакетинахрана | 68,6% | 30,0% | / | / | / | 1,4% |
| 8 | Паричнапомошзалекови | 62,9% | 34,3% | 2,9% | / | / | / |
| 9 | Пристапдоинфорамции-информирањеналесен и разбирливјазик | 41,4% | 55,7% | 1,4% | / | / | 1,4% |
| 10 | Пристапдоинформации-информирањесознаковенјазик | 4,3 | 84, | 10,0 | / | / | 1,4% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % | 3% | | | | |
| 11 | Психо - социјалносоветување | 34,3% | 60,0% | 5,7% | / | / | / |
| 12 | Правнапомош и советување | 35,7% | 55,7% | 8,6% | / | / | / |
| 13 | Групизасамопомошзародители | 15,7% | 74,3% | 8,6 | / | / | 1,4% |
| 14 | Помош и негаводомот | 24,3% | 65,7% | 10,0% | / | / | / |
| 15 | Лична асистенција | 42,9% | 48,6% | 8,6% | / | / | / |
| 16 | Услугинарехабилитација и реинтеграција | 50,0% | 44,3% | 5,7% | / | / | / |
| 17 | Услуга наодменанасемејнагрижа* | 21,4% | 70,0% | 8,6% | / | / | / |
| 18 | Куќанаполапат* | 2,9% | 87,1% | 8,6% | / | / | 1,4% |

Една од главните обврски на општината и на државата е да создадат пристапни објекти и инфраструктура, зависно од нивната надлежност. Податоците од истражувањето, претставени во табелата подолу, покажуваат дека најнепристапни се автобуската станица, јавниот превоз, паркинзите и библиотеката.

**КолкусезаВас/лицетопристапнииследнивеобјекти и локации:**

| | | Целосно | Делумно | Не | Незнае |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Зградатанаопштината | 38,6% | 32,9% | 27,1% | 1,4% |
| 2 | Објект/и наопштатаболница | 45,7% | 37,1% | 15,7% | 1,4% |
| 3 | Автобускастаница | 31,4% | 7,1% | 50,0% | 11,4% |
| 4 | Пошта | 78,6% | 20,0% | / | 1,4% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Банки | 80,0% | 17,1% | / | 2,9% |
| 6 | Објектинаминистерства/ органинауправа | 45,7% | 14,3% | 31,4% | 8,6% |
| 7 | Парк | 88,6% | 8,6% | 1,4% | 1,4% |
| 8 | Паркинзи | 18,6% | 5,7% | 67,1% | 8,6% |
| 9 | Верскиобјект (црква/џамија) | 87,1% | 5,7% | 1,4% | 5,7% |
| 10 | Библиотека | 30,0% | 7,1% | 55,7% | 7,1% |
| 11 | Маркети | 78,6% | 12,9% | 2,9% | 5,7% |
| 12 | Училишта / градинки | 74,3% | 12,9% | 7,1% | 5,7% |
| 13 | Центарзасоцијалнаработа | 65,7% | 20,0% | 11,4 | 2,9% |
| 14 | Спортскиобјекти (сала, терен и базен) | 62,9% | 5,7% | 24,3% | 7,1% |
| 15 | Културниобјекти (кино, театар) | 57,1% | 4,3% | 32,9% | 5,7% |
| 16 | Пазар | 84,3% | 7,1% | 4,3% | 4,3% |
| 17 | Контејнеризафрлањеѓубре | 4,3% | 71,4% | 11,4% | 12,9% |
| 18 | Градскитранспорт (автобус) | 28,6% | 4,3% | 57,1% | 10,0% |

За да може поголем број од лицата со попреченост да ги користат правата и услугите коишто им стојат на располагање, неопходно е да бидат стручно и навремено информирани. Табелата покажува дека една од причините за неефикасното користење на правата и услугите е несоодветното информирање. Испитаниците имаа можност да изберат повеќе одговори и од резултатите е видливо дека високо доминираат медиумите како извор на информации, а Центарот за социјална работа не ја остварува ефикасно оваа задача бидејќи само 11,4% од испитаниците се информираат таму. Овие податоци ја наметнуваат потребата од стручно и навремено информирање од страна на Центарот за социјална работа како и јакнење на оваа услуга кај здруженијата на лицата со попреченост.

**Какосеинформиратезаправата и услугитекоиимстојатнарасполагањеналицатасопопреченост?**

| | | Број | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | Добивамсовети и информацииодЦентаротзасоцијалниработи. | 7 | 10,0 |
| 2 | Добиваминформацииинаработа. | 3 | 4,3 |
| 3 | Добиваминформацииодмедиумите. | 50 | 71,4 |
| 4 | Друго | 5 | 7,1 |
| 5 | Добивамсовети и информацииодЦентаротзасоцијалниработи и добиваминформацииодмедиумите. | 1 | 1,4 |
| 6 | Добиваминформации и советиодздружениеналицасопопреченост и добиваминформацииодмедиумите. | 1 | 1,4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Добиваминформацииодмедиумите и друго. | 3 | 4,3 |
| | Вкупно | 70 | 100,0 |

Многу ниско е оценета советодавната улога на Центарот за социјални работи, односно, со оценка 1 го оцениле 61,4% а со оценка 2 го оцениле 14,3%. Овие податоци се показател дека е неопходно да се зајакне капацитетот на Центарот за социјални работи, но и на постоечките организации на лица со попреченост во општина Делчево и да ја прошират својата дејност и да пружат услуги за информирање и советување.

Половина од испитаниците се запознаени со отпочнувањето со работа на Центарот за рехабилитација и реинтеграција.




Испитаниците имаа можност да изберат повеќе од една услуга од којашто имаат потреба и подолу во табелата се наведени бројот на одговори за одделните услуги. Од табелата подолу може да се заклучи дека доминираат потребите од р

и социјализација, развој на културни вештини, структурирање на време и социјализација, развој на културни вештини, структурирање на време

| Одговор | Бројнаодговори |
|---|---|
| 1. Стекнување на културно- хигиенски навики | 17 |
| 2. Развојнакомуникацискивештиниикултуранаговор | 14 |
| 3. Моторичкиразвој | 13 |
| 4. Перцепцискиразвој | 2 |

| | |
|---|---|
| 5. Емоционаленразвој | 2 |
| 6. Социјаленразвој - Психо- социјалнаподршка | 16 |
| 7. Развојнаработнивештини ,професионалнарехабилитација-ориентација, | 37 |
| 8. Независноживеење | 13 |
| 9. Компјутерскаинтеграција -Оспособување и работанакомјутер | 11 |
| 10. Сексуалнообразование | 0 |
| 11. Креативниработилници | 13 |
| 12. Психо-моторнорехабилитирање и | 4 |
| 13. Спортско-рекреативниактивности | 11 |
| 14. Социјализација, развој на културни вештини, структурирање на време | 30 |
| 15. Одбивада одговори | 6 |

Одговорите на испитаниците беа ставени во корелација со нивниот пол и се заклучи дека кај одговорот*развој на работнивештини , професионалнарехабилитација-ориентација*има *родов дисбаланс*, односно *трипати е поголем изборот на овој одговор кај мажите во однос на жените*.




Заклучоци:

- Повеќе од 2/3 од испитаниците не се во партнерство или во брак и тоа го зголемува ризикот од социјална изолација заради намалената можност од поголема семејна поддршка;
- 2/3 од испитаниците немаат средно образование, 1/3 се во работен однос а од невработените само половина се активни баратели на работа. Лицата со телесна попреченост се двојно повеќе вработени во однос на лицата, кои имаат друг вид на попреченост;
- 1/3 од испитаниците имаат проблем на работното местобидејќи работодавачот ги третира нееднакво со вработените, кои немаат попреченост;
- *Жените имаат три пати поголеми проблеми на работните места во однос на мажите;*
- Приближно 20% од испитаниците немале никакви приходи. Околу 1/3 од испитаниците оствариле приход врз основа на плата. Околу 1/3 од испитаниците имале приходи помалку од 12 000 денари а само 8,6% од испитаниците имаат повеќе од минималната плата;
- Над 80% од испитаниците одговорија дека нивниот семеен буџет не ги задоволува нивните основни потреби;

- Резултатите покажуваат крајна сиромаштија кај околу 1/3 од испитаниците бидејќи околу 20% од нив немале можност да си дозволат оброк до три пати а над 10% четири и повеќе пати во текот на месецот. Околу 20% имале проблем со пристапот за вода за пиење и околу ¼ имаат проблем да обезбедат греење во домот и да купат лекови а 60% да си купат месо;

Здравствени услуги

- Околу ¾ од испитаниците имаат интелектуална попреченост, ¼ имаат проблем со говорот а околу 1/3 проблеми со долните и горните екстремитети; Половина од испитаниците сметаат дека имаат лоша или многу лоша здравствена состојба.
- Приближно 1/3 од испитаниците ја оценуваат личната безбедност и задоволството од животот со оценка 1 или 2, кадешто 1 е најниска а 5 највисока оценка;
- Околу 40% од испитаниците имале проблеми да добијат здравствена услуга кај специјалист, а најчести причини биле затоа што услугата е скапа, здравствената услуга ја нема во болницата каде живее испитаникот и далечината на здравствената установа;

**Услуги во домот**

- Околу половина од испитаниците имаат проблеми со движењето а околу ¼ имаат потреба од помош при движењето. Најмногу од нив имаат потреба од организиран превоз до здравствената установа. Најголем процент од нив имаат потреба од уред којшто ќе им помогне во меморирањето на обврските/задачите;
- Пола од испитаниците изразиле потреба речиси за сите видови на поддршка во домот;
- Пола од испитаниците имаат потреба да разговараат со стручни лица, личната асистенција ја користат 3% од испитаниците, а на 1/3 им е неопходна и би ја користеле доколку им е достапна

Услуги во заедницата

- Приближно 40% од испитаниците го користеле Дневниот центар, околу 1/3 се задоволни од неговите услуги а 20% не се информирани за неговото постоење;
- Околу 15% од испитаниците користат услуги на социјален клуб а околу половина од испитаниците би сакале да користат таква услуга, но не се информирани за негово постоење. *Двојно повеќе мажите во однос на жените сметаат дека социјалните клубови се наменети за лица со друг вид на попреченост, различен од нивниот*.

- Само околу 1/3 од испитаниците не искажуваат потреба од користење на народна кујна а 42% од испитаниците имаат потреба храната да им се доставува дома.
- 78% имаат потреба од организиран превоз до најчесто посетуваните локации;
- Околу 2/3 од испитаниците имаат потреба од пакети со храна и парична помош во купување на лекови а околу половина од нив имаат потреба од користењето на услугата за рехабилитација и реинтеграција, дневен центар за грижа додека најблиските се на работа и пристапот до информации на разбирлив начин;
- За испитаниците најнепристапни се автобуската станица, јавниот превоз, паркинзите и библиотеката
- Околу 10% од испитаниците за своите права се информираат од Центарот за социјални работи и ¾ ја оценуваат советодавната улога на овој орган со 1 или 2;
- Половина од испитаниците се информирани дека ќе отпочне со активности Центар за рехабилитација и реинтеграција и најголемиот дел од нив имаат потреба Центарот да нуди развојнаработнивештини, професионалнарехабилитација-ориентација. За овој вид на содржина, која треба да ја дава Центарот, трипати се повеќе заинтересирани мажите, односно родителите/старателите на машките лица со попреченост за разлика од жените;
- 38,5% од родителите/старателите на лицата со попреченос биле приморани да останат невработени а 23% да ја напуштат работата, заради грижата на лицата со попреченост а

**Ризик фактор: географија**

Под географија, во смисла на ова истражување, се подразбира позиционираноста на домот во одреден простор и неговите карактеристики како основа лицето да биде исклучено во економско- социјалниот живот и во добивањето на одредени услуги. Од ова произлегува и неговата транспортна поврзаност и пристапот на голем број на социјални, здравствени и образовни услуги, како и пристапноста до комуникациската технологија, којашто беше анализирана во делот на социо-економскиот фактор.
Резултатите покажаа дека кај 35,7% од испитаниците, влезовите и просториите се делумно пристапни, зависно од видот на нивната попреченост. Иако станува збор за проценка на пристапност на дом, којшто припаѓа во приватната сфера, сепак овој податок укажува на потребата, во одредени случаи, поддршка или од општината или од државата во надминувањето на проблемот. Инаку, најчести причини за непристапноста се високите или доградени скали во објектот и тесните отвори на вратите.




Податоците прикажани во табелата подолу, укажуваат на значаен процент на исклученост на лица со попреченост заради недостаток на простории за задоволување на основни потреби, односно, 13% немаат или бања или тоалет или приклучок кон канализација. Имајќи предвид дека дел од лицата со попреченост се социјално поизолирани и имаат поголема потреба од поддршка од друго лице, податокот дека 10% немаат фиксен или мобилен телефон укажува на постоење на дополнителна изолација.

**ДалинештооддолунаведенотонедостасувавоВашиот/неговиотдом?**

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Тоалет | 2 | 2,9 |
| Фиксенилимобилентелефон | 7 | 10,0 |
| Бања | 3 | 4,3 |
| Приклучокдоканализација | 4 | 5,7 |
| Ништоненедостасува | 51 | 72,9 |
| Одбивадаодговори | 2 | 2,9 |
| Тоалет и бања | 1 | 1,4 |
| Вкупно | 70 | 100,0 |

Сопственоста на домот е показател за одредена социјална сигурност и намалување на ризикот од недостаток на дом во иднина, како еден од условите за нормален живот. Податоците покажуваат дека околу 10% од испитаниците живеат во дивоградба или во дом, чијшто сопственик не се тие или нивните родители. Околу 1/3 од испитаниците се сопственици на домот, а на околу 50% се нивните родители, но кои не живеат со нив. Со висок степен на претпоставка е дека голем процент од нив ќе го наследат домот од своите родители и не постои висок степен на ризик од недостаток на живеалиште кај најголемиот број на испитаници. Но, загрижува податокот што два и пол пати повеќе, како сопственици се јавуваат мажите наспроти жените. Ова е најверојатно резултат

на културолошкиот фактор имотот да го наследува синот односно внукот и традицијата, при стекнување на нова сопственост како сопственик да се јавува само мажот. Ова е показател и за поголема несигурност од аспект на домување на жените наспроти мажите.




Околу 10% од испитаниците имаат една соба а околу 1/3 живеат во дом со површина до 40м2., односно само 5% од испитаниците живеат во дом до 30 м2. Ако се има предвид дека околу 40% живеат во дом со површина над 60 м2, може да се заклучи дека од аспект на просторни услови за живеење, мал е процентот на лица со попреченост кои се во ризик.

**КолкуметриквадратниимаВашетоживеалиште?**

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| До 30 | 4 | 5,7 |
| Од 31 до 40 | 22 | 31,4 |
| Од 41 до 60 | 15 | 21,4 |
| Од 60 до 80 | 19 | 27,1 |
| Од 80 до 100 | 10 | 14,3 |
| Вкупно | 70 | 100,0 |

Заклучоци:

- 13% немаат или бања или тоалет или приклучок кон канализација;
- На околу 1/3 од испитаниците, домовите не се доволно пристапни за нив, а најголеми причини за тоа се високите или доградени скали во објектот и тесните отвори на вратите;

- Околу 1/3 од испитаниците се сопственици на домот во којшто живеат а два и пол пати повеќе, како сопственици се јавуваат мажите наспроти жените;
- Околу 10% од испитаниците имаат една соба а околу 1/3 живеат во дом со површина до 40м2.

**Ризик фактор: дискриминација**

Дискриминацијата е модел на кршење начовековите права преку ставање на некој или некои во нееднаква или неповолна положба во однос на некој друг односно на некоја група во иста или слична ситуација заради некоја карактеристика, која претставува основана дискриминација. Искуствата во голем број на држави покажуваат дека лицата со попреченост се изложени на многу повисок ризик од дискриминација, за разлика од останатите лица, кои немаат попреченост. Нееднаквото постапување кон нив, врз основа на попреченоста, резултира со ограничувања на пазарот на трудот, намалено политичко учество, несоодветно и пониско образование и ограничувања при пристапот до добра и услуги.
Препознавањето на дискриминацијата и пријавувањето на случаи на дискриминација, зависи од многи фактори, но најмногу од степенот на запознаеноста со регулативата, која се однесува на спречувањето и заштитата од дискриминација.
Премногу голем број од испитаниците, односно 91,4%, како лица со попреченост така и родители/старатели на лица со попреченост не се запознаени со Законот за спречување и заштита од дискриминација.




Се направи тестирање на поврзаноста на полот на испитаникот и запознаеноста со Законот и се заклучи висок родов дисбаланс, односно дека ниту една жена не е запознаена со овој Закон.




Ист процент, односно 91,4% од испитаниците сметаат дека не се почитуваат правата на лицата со попреченост.




Од табелата подолу, може да се заклучи дека испитаниците биле најмногу дискриминирани во областа на работните односи, при конкурирање на работно место постојано биле дискриминирани 21,4% а понекогаш 41,4%, што покажува дека приближно 2/3 од испитаниците биле дискриминирани при вработување а повеќе од 1/3 се дискриминирани на работното место. Приближно 2/3 од испитаниците се дискриминирани при добивањето на здравствена услуга. Во продавница или банка 41,4% од испитаниците биле дискриминирани а при

добивањето на останатите услуги, набројани подолу, околу 1/3 од испитаниците биле понекогаш дискриминирани.

Овие податоци покажуваат високо ниво на перцепција на изложеност на постојана или повремена дискриминација во различни области и претставува фактор со висок ризик за исклучување и намалување на квалитетот во пристапот кон добра и услуги.

**ДаливоВашиотживотстесепочувствувалидискриминиранизаследнитесекој дневниситуации:**

| | Одбивада одговори / незнае | Да, постојано | Понекогаш | Никогашнеми сеслучило |
|---|---|---|---|---|
| Наработноместо | 17,1% | 7,1% | 35,7% | 40,0% |
| Приконкурирањезаработноместо | 11,4% | 21,4 % | 41,4% | 25,7% |
| Воамбуланта / болница | 4,3% | 12,9 % | 48,6% | 34,3% |
| Вопродавницаилибанка | 4,3% | 4,3% | 41,4% | 50,0% |
| Водомнакултура | 10,0% | 2,9% | 32,9% | 54,3% |
| Научилиште / факултет | 10,0% | 2,9% | 31,4% | 55,7% |
| Војавенпревоз | 10,0% | 8,6% | 30,0% | 51,4% |
| Одстрананавработенивоопштинската илидржавнаадминистрација | 10,0% | 8,6% | 37,1% | 44,3% |

Околу половина од испитаниците одговорија дека биле дискриминирани последната година. Беше тестирана корелацијата меѓу видот на попреченост и дали биле дискриминирани последната година и се покажа дека независната варијабла „вид на попреченост“ има двојно поголемо влијание кај лицата со комбинирана попреченост, односно, овде е двојно повисока дискриминацијата последната година, за разлика кај лицата со друг вид на попреченост.




Се направи и корелација меѓу полот на испитаникот и неговата дискриминација последните 12 месеци и се заклучи дека двојно повеќе жени биле дискриминирани во однос на мажите и двојно повеќе од жените одбиле да одговорат на ова прашање. Ова покажува висок родов дисбаланс којшто укажува на постоење на интерсекциска дискриминација, односно, жената е дискриминирана затоа што е жена, но  и затоа што е истовремено и лице со попреченост. Исто така, поголемата фреквенција на одговори *не знам/одбива да одговори*, укажува на родовата предодреденост да не споделува информации за одредена ситуација на дискриминација.




Заклучоци:

- Ниту една жена и 90% од мажите не се запознаени со Законот за спречување и заштита од дискриминација;
- 90% сметаат дека не се почитуваат правата на лицата со попреченост;
- 2/3 од испитаниците сметаат дека биле дискриминирани при конкурирањето на работно место и при добивањето на здравствени услуги;
- Половина од испитаниците биле дискриминирани последните 12 месеци. Двојно повеќе биле дискриминирани лицата со комбинирана попреченост во однос на останатите и жените во однос на мажите.

**Ризик фактор: управување**

Во контекст на ова истражување, управувањето или владеењето претставува проценка на степеност на граѓанска партиципација на лицата со попреченост во процесот на донесувањето на одлуките од локално значење, информираноста за одлуките коишто се однесуваат за локалната заедница како и степенот и видот на комуникација којашто ја имаат лицата со попреченост за да ги адресираат своите проблеми и потреби до креаторите на политиките.

Вклученоста во процесот на носење на одлуки во интерес на локалната заедница или државата, може да биде преку давање на одредени иницијативи и предлози, гласање, изложување на некој проблем пред државните или локалните власти, гласањето, но и можноста да бидеш носител на одредена јавна функција на локално или државно ниво. Исто така, партиципативната политичка култура се оценува и преку поддршката на одредени граѓански иницијативи, членувањето во политичка партија и следење на политичките

случувања. Доколку граѓаните се поактивни во политичката сфера, се очекува дека специфичните интереси на конкретна категорија на граѓани ќе бидат исполнети на поефикасен начин.

Многу истражувања покажуваат низок степен на политичка партиципација на лицата со попреченост во многу држави во светот. Процесот на еманципација на една категорија на граѓани во јавниот живот се оценува најмногу преку вклученоста во различни фази во креирањето на локалните и националните политики. Управувањето како ризик фактор се разгледува заради исклученоста од носењето на политичките одлуки и можноста да се користи механизмот на претставки и предлози до креаторите на јавните политики на локално и национално ниво. Исклученоста од политичкиот живот резултира со маргинализирање на нивните проблеми и непостоење на механизам за нивно ефикасно решавање.

Резултатите покажаа дека испитаниците се во висок процент незаинтересирани за дневно- политичките настани бидејќи половина од нив воопшто не следат дневна политика, а само 7,1% следат неколку пати неделно.

**Далиследитедневнаполитика?**

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| Често (неколкупатиседмично) | 5 | 7,1 |
| Ретко (неколкупатимесечно) | 31 | 44,3 |
| Никогаш | 34 | 48,6 |
| Вкупно | 70 | 100,0 |

Од графичкиот приказ подолу, видливо е дека ниту еден испитаник не одговорил позитивно на прашањето*Далиналокалнонивовопоследните 3 годиниседонесениполитикикоисединтересзаВас/него/неакаколицесопопреченост?*Имајќи ги предвид активностите, коишто ги презела општината, прикажани во овој извештај погоре и поврзувајќи ги одговорите од претходното прашање, дека ретко испитаниците следат политика, може да дојдеме до неколку заклучоци: прво, испитаниците не се доволно запознаени со активностите на општината; второ, тие не биле корисници од политиките, кои биле преземени или не знаат дека се дел од општинските мерки и трето, ова е одговор по инерција кај голем процент на испитаници, сакајќи да го изразат својот револт за нивната исклученост од фокусот на креаторите на локалните политики.




Испитаниците имаа можност да изберат повеќе понудени одговори за активности, коишто ги преземале заради заштита на нивниот интерес, односно интересот на лицето на кое се родител/старател. Резултатите покажуваат дека само околу 1/3 од испитаниците презеле некаква активност и дека околу 20% се сретнале со градоначалникот и 10% со претседателот на Советот на општината. Останатите одговори се занемарливо мали и немаат статистичка вредност. Овие податоци покажуваат дека граѓаните ги препознаваат локалните функционери како лица, кои можат да ги решат проблемите, а притоане се користат формите на петиција или писмо до општината.

**Дали и каквиактивностистепреземалезадагозаштититеВашиотинтерес/ интереситеналицето?**

| | Број | процент |
|---|---|---|
| Сесретнавсопратеникотод Собраниетокојдоаѓаодмојо тград. | 3 | 4,3 |
| Сесретнавсочленовитенао пштинскиотСовет. | 2 | 2,9 |
| Сесретнавсопретседателот наСоветотнаопштината. | 5 | 7,1 |
| Сесретнавсоградоначални кот. | 11 | 15,7 |
| Напишавписмодоопштинат а. | 2 | 2,9 |
| Потпишавпетиција. | 1 | 1,4 |
| Непреземавништо. | 36 | 51,4 |
| Одбивадаодговори / незнае. | 8 | 11,4 |
| Сесретнавсопратеникотод Собраниетокојдоаѓаодмојо | 1 | 1,4 |

| | | |
|---|---|---|
| тград и сесретнавсоградоначалникот. | | |
| Сесретнавсопретседателотна Советотнаопштина, сесретнавсоградоначалникот и напишавписмодоопштината. | 1 | 1,4 |
| Вкупно | 70 | 100,0 |

Организациите за лицата со попреченост, според испитаниците, малку ги штитат нивните интереси, односно интересите на лицата на кои се родители/старатели. Поточно, само 7% одговориле дека ги штитат просечно, 2/3 дека воопшто не ги штитат и 1/3 дека не се информирани.

**Дали и колкуорганизациитеналицатасопопреченост (сојузитенаинвалидски организации) гиштитатинтереситеналицатасопопреченоствовашатаопштина**




На испитаниците им беше понудена една долга листа на права, коишто сметаат дека им се повредени и имаа можност да изберат повеќе од едно право коешто им е повредено. Се добија резултати од 24 комбинации на одговори и може да се заклучи дека само 12,9% од испитаниците се изјасниле дека не им се повредени никакви права. Инаку, околу 1/3 од испитаниците одговориле дека им било повредено правото на вработување, на околу 15% правото на преквалификација и доквалификација, правото на социјална заштита, правото на здравствена заштита и на еднаков третман и останатите

повреди на права немаат статистичка вредност. Но, важно е да се нагласи дека половина од одговорите се комбинација на повреди на права.

Испитаниците беа замолени да одговорат кои права и услуги од социјалната заштита ги користат, имајќи можност да изберат повеќе одговори. 45 испитаници ја користеле еднократната финансиска помош, 30 испитаници гарантираната минимална парична помош и додаток за попреченост, 18 испитаници го користеле специјалниот додаток за лица до 26 години, 13 испитаници го користеле додатокот за грижа и помош од друго лице,9 испитаници услугата за рехабилитација и реинтеграција и останатите одговори немаат статистичка валидност. Постои родов баланс во одговорите.

Заклучоци:

- Само 7% од испитаниците следат дневна политика неколку пати неделно. Ниту еден испитаник не смета дека општината во последните три години спровела политики во интерес на лицата со попреченост;
- Околу 1/3 од испитаниците презеле активности за да им се реши некој проблем и најголемиот број од нив тоа го направиле преку средба со градоначалникот или претседателот на Советот;
- 2/3 од испитаниците сметаат дека организациите на лицата со попреченост не ги штитат нивните интереси;
- На 13% не им било повредено некакво право а најчесто се повредени правата во областа на работните односи и социјалната заштита;
- Најкористени права од социјалната заштита се еднократната финансиска помош, гарантираната минимална парична помош и додаток за попреченост а најкористена услуга е рехабилитацијата и реинтеграцијата.

**Ризик фактор: шокови предизвикани од кризи и катастрофи**

Под овој ризик фактор се подразбираат сите видови на ризици и опасности коишто постојат на територијата на општина Делчево и кои можат да предизвикаат природни и техничко-технолошки катастрофи, но под овој ризик фактор се опфатени и настанатите катастрофи и заштитата и спасување во вакви услови како и ризиците и опасностите од пожари и поплави во домот. Ранливоста на лицата со попреченост на овој ризик фактор е далеку поголема од лицата кои немаат попреченост. Ранливоста ја препознаваме во сите фази на управувањето со катастрофи, односно во неможноста да се добие комплетна слика во кои делови од општината живеат лицата со попреченост и каков е видот на попреченост, информирањето, превентивните активности, раното предупредување, заштитата и санацијата од катастрофи. Овој ризик фактор се зголемува ако се комбинира со ризик факторот географија, односно неможноста да се пристапи кон домот при евакуација и социо- економскиот ризик фактор, односно ако лицето е само или нема кој да му помогне веднаш или способноста на лицето да побара помош.

Се направи проценка на перцепциите на испитаниците за личната безбедност и безбедноста на домот од катастрофи и пожари и поплави во домот. Половина

од лицата со попреченост имаат проблем со разбирањето на раното предупредување од катастрофи, имаат непристапни домови за пожарникарски екипи и екипи на брза помош и им се случило да предизвикаат пожар во домот, Околу 2/3 одговориле дека домовите не се безбедни од земјотрес со среден интензитет, имаат стара електрична инсталација и лицето со попреченост може да ги заборави вклучени електричните уреди а дури 77% да ја заборават чешмата. Од овие одговори, може да се заклучи дека постои висок ризик од пожари и поплави во домот на лицата со попреченост и висок ризик од неможност за навремено предупредување.

**Проценканаличниризици и ризицивoдомот**

| | | Сесогласувам | Несесогласувам | Одбивадаподговори / незнае |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Предупредувањетодекаможедаимаодреденаопасностоднекојакатастрофа (например, поплава, пожар, одрони и сл.) можам/ можедајадобијам/добиенавремено, разбирливо и јасно. | 42,9% | 50,0% | 7,1% |
| 2 | Медиумите (телевизија, радио, весникилиинтернет) имаатинформациикоисеадаптиранизамоите/неговите/нејзинитепотреби. | 40,0% | 51,4% | 8,6% |
| 3 | Доколкуиматревогазаодреденаопасност, можам/ можедајаслушнамиливидам. | 65,7% | 34,3% | / |
| 4 | Домотвокојживеам/живее е леснопристапензапожарникари и екипанаитнамедицинскапомош. | 48,6% | 51,4% | / |
| 5 | Домокотвокојживеам е безбеденодземјотресисосрениинтензитет. | 22,9% | 64,3% | 12,9% |
| 6 | Вомојотдомелектричнатаинсталација е сигурна и немаопасностодпожари. | 20,0% | 72,9% | 7,1% |
| 7 | Мојата/неговатасостојбаневклучувазаборавањеилинезнаењенакористењенаелектриченуред. | 30,0% | 67,1% | 2,9 |
| 8 | Досеганеми/мусеслучилодапредизвикампожарвoдомот. | 52,9% | 47,1% | / |
| 9 | Водомотимам/ имапротивпожаренапарати можам/можедагокористам/користи. | 5,7% | 92,9% | 1,4% |
| 10 | Непостоиризикодпоплавувањенадомотодзаборавањенначешматавобањатаиликуќата. | 15,7% | 77,1% | 7,1% |

Резултатите покажаа дека околу 1/3 од испитаниците живеат во домови, коишто се во ризик од поплава од река или слевање на води и во ризик од пожар заради близината на шума или лесно запалив објект.

Од податоците подолу, кои се однесуваат за проценката на заштита и спасување на лицата со попреченост, може да се заклучи дека во ситуација на катастрофа, речиси на сите лица може да им помогнат членовите на семејството или соседите. Со овие податоци, уште еднаш се покажа дека лицата не се чувствуваат изолирани во својот дом  и во блиското соседство. Но, 70% не се запознаени за начините како да се евакуираат и не веруваат дека општината ефикасно ќе се справи со елементарна непогода и ќе им помогне, а пола од нив живеат на непристапни улици во ситуација на евакуација.

**Проценканаподдршка**

| | | Да | Не | Одбивада одговори / незнае |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Доколкуреслучиодреденанесреќа, напримерпожарилипоплава, можедами/мупомогненекојчленодсемејството. | 94,3% | 5,7% | / |
| 2 | Доколкуреслучиодреденанесреќа, напримерпожарилипоплава, можедами/мупомогненекојсосед. | 95,7% | 4,3% | / |
| 3 | Имам/имаинформации и знамкакодасеевакуирам/евакуиравоситуацијанаодреденакатастрофа. | 27,1% | 70,0% | 2,9% |
| 4 | Улицатавокојаживеам/живее е доволнопристапназапожарникарскоилиамбулантновозило | 42,9% | 57,1% | / |
| 5 | Доколкунастаненекојаелементарнанепогода, ошѓтинатаможебрзо и соодветнодасесправисонеа. | 17,1% | 72,9% | 10,0% |
| 6 | Општинатаимапланкакодаимпомогненалицатасопопреченоствоситуацииаелементарнинепогоди | 11,4% | 74,3% | 14,3% |

Заклучоци

- Лицата со попреченост живеат во домови со висок ризик од пожар или поплава заради несоодветната електрична инсталација и можноста да се заборави вклучен електричен уред или чешма;
- За голем дел од лицата со попреченост раното предупредување би било неразбирливо и   несоодветно за нив;
- Околу 70% немаат доверба во соодветното справување со елементарните непогоди од страна на општината и заштитата на лицата со попреченост во такви ситуации.

## 6. Анализа на фокус групи

### Фокус група со претставници на локални институции

Целта на дискусијата на оваа фокус група е да се добие генерална слика за неколку категории, кои може да бидат во ризик од исклучување, како што се лицата со попреченост, старите лица, ромите и лицата кои живеат во пасивни делови од општината. Главната цел беше да се разменат видувања и да се добијат препораки од членовите на општинскиот Совет за социјална заштита. На дискусијата учествуваа:

1. Претставник на Управа за внатрешни работи, полициска станица во Делчево
2. Претставник на Исламската верска заедница во Делчево
3. Претставник на здружение на граѓани
4. Галина Канева – Бравура Кооператива
5. Претставник на Меѓуопштински центар за социјални работи во Делчево
6. Претставник на општина Делчево
7. Претставник на Центарот за вработување во Делчево
8. Претставник на ООУ "Ванчо Прке" Делчево
9. Претставник на Регионалниот Центар за управување со кризи во Делчево
10. Претставник на ООУ"Св. Климент Охридски"
11. Претставник на Здравствен дом во Делчево
12. Претставник на Црвен крст во Делчево

Образование

Најголемиот проблем кои го имаат наставниците во училиштата е што самите родители не признаваат дека нивните деца се лица со посебни потреби и одбиваат да им се направи проценка, како и фактот дека имаат потреба од образовен асистент кој ќе ги води и упатува низ целиот процес на образование. Но, од друга страна пак, има и деца на кои самите родители се лица со попреченост и неможат да посветуваат доволно внимание на децата. Од друга страна, наставниците сметаат дека треба да има обуки за наставници на кои ќе учествуваат барем неколку дена во годината, со цел да имаат барем малку знаење како да се однесуваат кон овие деца за да можат полесно да го приспособат материјалот за нив. Училиштата не се доволно пристапни. Влезните врати, училниците и тоалетите не се потполно пристапни за учениците со телесна попреченост.

Поголемиот број од родителите се свесни за потребата одличен асистент и самите бараат од Центарот за социјална работа да додели колку што е можно повеќе асистенти во училиштата.

Има две основни училишта во Делчево, но за сопствените потреби тие меѓусебно разговараат, си помагаат и разменуваат образовни асистенти по потреба.
Како најголем проблем, според претставниците на училиштата, која би ја издвоиле во оваа област е превозот. Децата не можат да одат пешки на училиште, одат со такси, но таксито е прескапо. Од друга страна, сметаат дека треба да има посебни социјални дотации за децата со попреченост, со цел да бидат ослободени од одреден вид на плаќања.
Во однос на положбата на децата Роми во училиштата, наставниците тврдат дека за разлика од останатите градови каде се прави навистина голема едукативна запоставеност, ова не е случај во Делчево. Според соговорниците, Ромите не се ниту потценети ниту отфрлени, а ниту пак кон нив наставниците се однесуваат со некој посебен и понеповолен третман.

Здравство

Лицата вработени во здравството, сметаат дека има потреба од развојно советувалиште со што ќе се следи развојот на децата уште од најмала возраст. И за да има некој ефект и напредок треба, децата уште од мали да се следат во нивниот развој и да има рано откривање и рехабилитирање на децата со попреченост. Да има специјализирано лице кое ќе биде со нив и ќе го прати нивниот раст и развој, но и да ја следи потребата од терапија.
Во општината има потреба од голем број на лекари, а тој број ќе се намалува бидејќи дел од нив ќе отидат во пензија.
Во однос на физичката пристапност до објектите на јавното здравство, сметаат дека се е пристапно, со оглед на тоа дека доколку некој не може да отиде на втор кат, тие се симнуваат на прв кат во пристапна просторија.
Во Делчево е евидентиран проблемот и од недостаток на медицинска опрема, којшто најмногу го чувствуваат старите лица и затоа лицата ги праќаат во останатите градови, што претставува од една страна финансиско оптоварување, а од друга страна оптоварувањена самото лице. Може да има и ситуации каде лицата се неподвижни, но мора да отидат во друг град, а лицето мора да отиде на комисија лично. За возрасните лица е проблем што нема уролог, невролог и нема доволно интернисти.

Вработување

Според соговорниците, најголемиот број на невработените лица се пасивни баратели на работа, кои се пријавуваат во Центарот за вработување за да може да ги остваруваат правата од здравствена и социјална заштита. Во општината нема голема побарувачка на работници и тоа се рефлектира и при вработувањето на лицата со попречено. Според нив, задоволителен е бројот на вработени лица со попреченост, пред се во заштитните друштва, но најголем е проблемот во злоупотребата на нивните работнички права од страна на работодавачите бидејќи им даваат минимална плата, им даваат откази откако ќе

ги добијат бенефициите за вработување на лица со попреченост или дел од нив не одат на работа , но на работодавачот му враќаат дел од исплатената плата.

## Проблеми на лицата со дијабет

Од здружението на дијабетичари велат дека има доста голем број на лица кои имаат дијабетис. Со појавата на дијабет, кај овие лица се отежнува одењето. Заради тоа, надлежните треба да организираат превоз кој ке им го олесни животот на овие лица. Голем број од нив се од селата кои се доста оддалечени, а доаѓањето со такси превоз претставува отежнувачка околност заради високата цена која ја имаат. Најмногу од овие лица се стари и изнемоштени, чии деца не се овде и нема кој да ги донесе на лекар или да си го проверат шеѓерот во крвта. Има и такви лица кои имаат апарат за мерење на шеѓерот во крвта, но не знаат како да го користат.

Од здружението на дијабетичари препорачуваат да има лица кои повремено ќе одат во домовите на овие лица , со цел мерење на шеќерот во крвта заради негова контрола.

Има и децата кои имаат дијабетис, но наставниците во училиштата тоа не го знаат затоа што нивните родители тоа го сметаат за срам и го кријат. Пред се треба да има психолози, најпрвин за родителите за тие да дојдат до знаење и да сфатат дека тоа не е болест туку состојба, а потоа истото тоа да го пренесат на нивните деца.

## Управување со ризици и катастрофи

Во Општина Делчево нема локални планови за управување со кризи и за заштита и спасување, кои имаат разработено оперативни процедури како да направат рано предупредување, превенција, заштита и спасување на лица со попреченост и стари и изнемоштени лица. Регионалниот центар за управување со кризи во Делчево има проценка за ризици и опасности и има податоци за бројот на лица со попреченост и видот на попреченост, но немаат податоци за местото на нивно живеење и кои се нивните специфични потреби, доколку има ситуација на природна или техничка катастрофа.







**Фокус група со претставници на стари лица и лица со попреченост**

Целта на оваа фокус група беше да се развие дискусија со претставници на цивилниот сектор  и со претставници на старите лица и лицата со попреченост, како најисклучени категории во општина делчево.

Децата со умерена попреченост одат во училиште и наставата се одвива нормално. Во училиштата имаат образовни асистенти, професорите добро комуницираат и се однесуваат одлично кон нив. Голем дел од родителите на овие лица имаат потреба од Центар каде ќе ги оставаат своите деца после училиште со цел тие се дружат. За децата со телесна попреченост најголем проблем е  немањето на соодветен и организиран превоз до училиштата и непристапноста на објектите и инфраструктурата.  Најчесто овие деца до училиште одат со нивните родители или постари  браќа/сестри. Бидејки има дел од нив кои потекнуваат од селата во Делчево, проблемот со немањето на превоз за нив е многу поизразен.  Родителите истакнаа дека би се согласиле децата  да имаат и личен асистент кому повремено би му го оставале на чување детето, со цел тие да си ги завршат потребните обврски во текот на денот.

Како заеднички проблеми се истакнаа следниве:

- Превозот, благодарение на кој, доколку го имаат, би им се олеснил животот за да можат да отидат до потребните места сигурно и безбедно
- Клубови, сметаат дека треба да се направат клубови или отворат, во кои повозрасната категорија на граѓани би можела да поминува време заедно
- Центри, во кои, родителите додека се на работа или имаат потреба да ги завршат своите обврски, ќе ги остават децата, или, пак, тоа може да бидат целодневни центри каде ќе ги оставаат своите деца

Потреба од социјална поддршка на старите лица

Во однос на ваквиот вид на поддршка како најмногу  потреба имаат пензионерите, пред се затоа што поголемиот дел од нив имаат телесна попреченост, имаат и дополнителни болести и  не можат многу да се движат и со тоа се зголемува бројот на болести кај нив. Од друга страна, тие имаат свои клубови кои ги користат како рекреативно катче, каде се забавуваат, прават разни забави, играат шах и го поминуваат најголем дел од времето.  Во општина Делчево, според соговорниците, пензионерскиот клуб го посетуваат и жените, иако поголем е бројот на мажите пензионери.

Вработување

Кога станува збор за вработувањето, според соговорниците, сите работоспособни лица се вработени, доколку имаат желба за работа. Досега нема случаи каде има лице од општината кое е барател на работа, а не му е обезбедена истата. Не се во работен однос само оние кои ја имаат одбиено понудената работа.

Преквалификација и доквалификација на лица со попреченост

Има потреба од преквалификација и доквалификација на овие лица за да бидат поуспешни, но искуствата со кои се имаат соочено низ детството, а и подоцна истите овие лица кои можат многу да просперираат во нивниот живот, не се осмелуваат на ваков чекор.

Социјална поддршка на лицата со попреченост

Главен предизвик за нив е проблемот со транспортот при добивање на здравствени услуги до останатите градови и превозот во општината а особено за лицата од селата околу градот Делчево. Тие имаат проблем со недоволната можност да добиваат помош во домот. Проблем е што лицата над 65 години не можат да добијат право на додаток за попреченост а младите може да добиваат додаток само до 26 години. Кај нив проблемот е што со тие средства најчесто располагаат нивните родители/старатели.





Фокус група со родители/старатели на лица со попреченост, корисници на Центарот за рехабилитација и реинтеграција, којшто функционира во рамките на здружението на граѓани „Бравура кооператива“

Целта на оваа фокус група беше родителите/старателите да ги споделат своите искуства со користењето на оваа нова услуга во општина Делчево и да дадат свои предлози за нови содржини, коишто треба да ги нуди Центарот за рехабилитација и реинтеграција.

- Родителка на полнолетна корисничка со мускулна дистрофија на долни екстремитети, која има прогресивна болест и горните екстремитети се постепено зафатени со оваа болест. Оваа девојка не го посетува Центарот туку активностите ги реализира дома, а кои се однесуваат на финална изработка на производите и украсување. Не може да го посетува Центарот бидејќи живее во куќа на втор кат и не се пристапни скалите и просторот околу куќата. Излегува само по потреба и е голем напор за родителите и за детето секојдневно или неколку пати во неделата да го посетува Центарот. **Родителката е невработена и има уште едно дете со Даунов синдром. Таа истакна дека корисничата на Центарот нема личен асистент, но би скаала да има и има потреба од одмена во домот, за да може да заснова работен однос . Побара поддршка во адаптација на пристапноста на домот и општината да има специјално возило.**
- Родителка на девојка со умерена интелектуална попреченост, која е корисничка на Центарот и соговорничката изразува задоволство од придонесот којшто го дава Центарот во развојот на дополнителни вештини кај девојката. Таа е мотивирана и сака да го посетува Центарот и таму се дружи и учи вештини за шиење, готвење и работа со хартија. Според соговорничката, би можела девојката да се обучи и да влезе на пазарот на трудот, но со помош на ментор во текот на работењето. Искажа сомнеж во

подготвеноста на работодавачите да ги толерираат грешките кои би ги направиле лицата со интелектуална попреченост и доколку не се толерантни, тие се пречувствителни и тоа може да ги обесхрабри. Според соговорничката, **потребно е да се зголеми бројот на часови за престој на лицата во Центарот. Таа има уште две деца со попреченост, не е вработена и се грижи за децата. За девојката, која го посетува Центарот, и е укината додатокот за попреченост, според проценка на комисијата за МКФ и е препратена на повторна проценка во Заводот за ментално здравје. Соговорничката неколку месеци чека за термин.**

- Родителка на девојка со Даунов синдром, која манифестира интелектуална попреченост и неразвиеност во говорот. Девојката има оформено само основно образование. Родителката објасни дека таа има афинитети кон музика и сака да готви. Ангажманот во Ценарот го оценува како многу позитивен и бележи голем напредок кај девојката. Таа смета дека **може да се развијат вештини за готвење и би сакала девојката да се вработи, но и таа го истакна стравот од отпор од сопствениците на компаниите. Родителката е невработена и би сакала да има можност детето да престојува повеќе од четири часа во Центарот и да може лицето да има асистенција и таа да има одмена во домот во грижата за детето, бидејќи постои ризик да остане девојката сама.**
- Родителка на момче со тешка интелектуална попреченост, позитивно ја оцени работата на Центарот и истакна дека престојот му помага во развојот на дисциплината и создавањето на навики кај детето, како инво социјализацијата. И таа ја искажа **скептичноста во врска со вработувањето на лицата со интелектуална попреченост заради ризикот од неприфаќање во одредена работна средина и тоа да не има негативен ефект врз емоционалната состојба на детето. Родителката е невработена, живее во селско населено место и би сакала да заснова работен однос, доколку постои можност за поддршка за грижата за детето.**
- Родител на 36 годишен корисник на Центарот со умерена интелектуална попреченост и со намалена функција на едната страна на екстремитетите. Според родителот, лицето не е во можност да заснова работен однос, но во Центарот оди редовно и е задоволен и мотивиран. **Најголемиот предизвик за овој родител е несигурноста од грижа за неговиот син после неговата смрт и неможноста да има други активности бидејќи е потполно ангажиран за грижата за детето.**
- Старателка на 50 годишен корисник на Центарот, која е негова сестра и лицето има вродена ментална болест. Според соговорничката, тој има силна мотивација за работен ангажман во Центарот и сака да го посетува, но тоа не е случај дома, кадешто не сака да извршува никакви активности. **Таа има потреба нејзиниот брат да биде целодневно згрижен во Центарот и да се најде модел за потрајна институционална грижа.Таа е земјоделка и не може да заработува за живот бидејќи е окупирана со грижа за нратот.**

Генерални коментари од учесниците во дискусијата:

- Сите искажаа висок степен на задоволство од функционирањето на Центарот за реинтеграција и рехабилитација и потенцираа дека тоа било неопходно да се формира одамна во општина Делчево;
- Корисниците се високо мотивирани и искажуваат задоволство од ангажманот и дружењето во Центарот.

- Центарот помага во развојот на одредени работни вешти, како што се работа со глина, восок, шиење, готвење, печатење и работа на компјутер.
- Производите кои ги прозиведуваат ги продаваат на одредени хуманитарни настани и корисниците имаат поголем мотив да работат, кога нивниот прозивод ќе го купи некој.
- Речиси сите искажаа потреба од поголема поврзаност на центарот со деловниот сектор, за да има оддржлив модел на продажба на производите.
- Речиси сите искажаа потреба нивните деца да ги развијат работните вештини и да може да се јават на пазарот на труд, но со поддршка во работната средина.
- Речиси сите споделија став дека се мали можностите во општина Делчево да се вработат лица со попреченост, заради малиот број на деловни субјекти.
- Соговорниците ја искажаа потребата од поддршка на Центарот за набавка на потрошен материјал и нова опрема за изработка на производите.
- Сите го споделија задоволството од стекнатите навики кај корисниците за подготовка и служење на кафе и храна и зголемена комуникација.
- Се нагласи потребата од зголемување на бројот на часови за престој на корисниците, затоа што тоа е од корист за нив бидејќи тие тоа го сакаат, но од друга страна, тоа овозможува родителите/старателите да имаат поголема можност за организација на нивното приватно време и засновање на работен однос.
- Сите ја истакнаа потребата од ангажирање на лични асистенти и за лицата со интелектуална попреченост и давање на поддршка/одмена во домот во грижата за нивните деца.
- Сите ја искажаа неподготвеноста на голем број на родители/старатели , лицата со попреченост да станат корисници на Центарот за рехабилитација и реинтеграција, заради сомнежот дека лицата нема да можат да се вклопат во функциониањето на Центарот.
- Сите ја споделија загриженоста за грижата кон нивните деца после нивната смрт и побара да се развие соодветен модел на групни домови во нивната општина, но кадешто ќе има вистинска грижа за нив и ќе може да им се пружи содржина на работен ангажман и реинтеграција.
- Создавање на можности за формирање на социјалне клуб за овозможување на нивно дружење.

## 7. Заклучоци и препораки

### Најранливи категории на лица со попреченост во општина Делчево, согласно резултатите од спроведеното социјално мапирање и методологијата на проценка на изложеност на петте ризик фактори

- Лица кои живеат сами и лица кои имаат семејна поддршка, но, заради возраста на родителите/старателите, постои високр ризик да останат сами а имаат умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, тешка телесна попреченост или комбинирана попреченост од овие две попречености;
- Лицата кои немаат образование и не се во можност да го оформат средното образование и не можат да бидат дел од пазарот на трудот заради оваа причина;

- Лицата кои живеат во екстремна сиромаштија, која се манифестира со неможност да се обезбедат доволно и соодветни оброци, неможност да се обезбеди топол дом и да ги имаат потребните лекови;
- Жените односно девојките со попреченост, заради нивната изолација од страна на родителите/старателите да не се вклучат во програми за реинтеграција и рехабилитација;
- Родителите/старателите на лицата со попреченост, кои не се во работен однос заради грижа на лице со попреченост;
- Лицата кои се тешко подвижни и имаат потреба од специјално возило за лица со попреченост;
- Лицата кои не се во можност, заради економски причини или заради тешка подвижност, да посетат лекар специјалист во друга општина;
- Жените со попреченост кои се жртви на дискриминација;
- Лицата со телесна или комбинирана попреченост, кои живеат во недоволно пристапни домови;
- Жените со попреченост, кои не се сопственички на домовите;
- Лицата кои имаат интелектуална попреченост и не се во можност да се информираат соодветно и навремено за евентуални ризици и елементарни непогоди и се во опасност самите да предизвикаат пожар или поплава во својот дом;
- Лицата со телесна и комбинирана попреченост, кои живеат во непристапни улици и домови за возила на противпожарната служба.

Врз основа на анализа на поткатегориите на лица со попреченост, кои се најизложени на петте ризик фактори, може да се заклучи дека кај сите ризик фактори, најзиложени се:

- **Жените и девојките со попреченост, особено со интелектуална попреченост;**
- **Лицата со тешка телесна попреченост, особено лицата со комбинирана попреченост- телесна и интелектуална попреченост.**

**Препораки**

7.1. Ризик фактор: социо- економски статус

- Да се преземат кампањи за подигнување на јавната свест меѓу лицата со попреченост и родителите/старателите на лицата со попреченост за оформување на средното образование;
- Правните лица, кои имаат можност да спроведуваат активности за доживотно учење, да реализираат обуки за доквалификација на лицата со попреченост;

- Деловните субјекти поинтензивно да ја користат можноста за субвенционирање на обука во работни средини на лицата со попреченост;
- Центарот за вработување во општина Делчево да преземе поинтензивни активности за информирање на лицата со попреченост за програмите за вработување коишто им стојат на располагање за доквалификација и преквалификација и за можностите како да ги остварат правата од работен однос;
- Државниот инспекторат за труд да преземе поинтензивни контроли за кршење на работничките права на лицата со попреченост, посебно на жените со попреченост;
- Здруженијата на граѓани, заедно со централните и локалните власти, да реализираат обуки за работодавачите во областа на правата на лицата со попреченост во сферата на вработувањето и сферата на работните односи;
- Синдикатите да преземат активности за заштита на работничките права на лицата со попреченост;
- Општината да поддржи активности на невладини организации, кои ќе се насочат кон информирање на лицата со попреченост за нивните права;
- Општината да планира во наредниот План за социјална заштита , мерки кои ќе бидат насочени кон намалување на социјалниот ризик на лицата со попреченост, а во Годишната програма за социјална, здравствена и детска заштита да предвиди средства за парична помош за греење и купување на лекови на најранливите лица со попреченост;
- Јавното претпријатие, кое е задолжено за дистрибуција на вода за пиење, при контролите на квалитетот на пренос на вода за пиење и санација на проблемите, приоритет да стави на семејствата во кои живеат лица со попреченост;
- Општината да предвиди надомест на транспортни трошоци за специјалистички прегледи во друг град, за најранливите лица со попреченост;
- Здравствениот дом во општина Делчево, општината и невладините организации да организираат тркалезна маса и да ги разгледаат најсоодветните можности за надминување на проблемите кои произлегуваат од недостаток на специјалисти во општината;
- Општината да вложи напори да обезбеди, од сопствени средства или преку донација од бизнис заедницата или странски грантови, специјализирано возило за транспорт на лица со телесна или со комбинирана попреченост и да управува со неговото користење;
- Општината да продолжи со активностите во рамките на програмата ,,Општествено корисна работа'' и да го зголеми обемот и видот на услуги во домот за лицата со попреченост и да вложи напори да најде нови модели на поддршка на услугите во домот;

- Општината да организира работилница со претставници на донаторските програми во државата, кои поддржуваат социјални услуги, за да може да му помогне на цивилниот сектор да развие нови услуги. Се препорачува општината да ги следи предвидените мерки во Стратегијата за правата на лицата со попреченост, во деловите коишто се однесуваат на локалната самоуправа и социјалната заштита;
- Општината во годишните програми да издвои средства за поддршка на невладините организации, коишто ќе даваат психо- социјална поддршка и советување и правно советување;
- Невладините организации да вложат напори за добивање на лиценца за давање на услуга за психо- социјална поддршка и советување на лицата со попреченост;
- Општината и невладините организации да преземат мерки за информирање за правата на лицата со попреченост преку подготовка на лесно разбирлива брошура и организирање на работилници за нив или за нивните родители/старатели;
- Општината да вложи напори и просторно и материјално да поддржи социјални клубови за лицата со попреченост, кои ќе имаат за цел нивна рекреација и социјализација;
- Невладините организации да вложат напори да основаат социјални клубови за рекреација и социјализација и да ја зајакнат свесноста меѓу жените со попреченост или родителите/старателите на девојките со попреченост за посета на ваквите клубови;
- Општината да вложи напори и да развие услуга за проширување на обемот на корисници на народна кујна како и да обезбеди можности за доставување на оброците до домовите на лицата со попреченост, кои немаат проблеми со мобилноста;
- Меѓуопштинскот центар за социјални работи да го зајакне капацитетот за информирање и советување ;
- Потребно е Центарот за рехабилитација и реинтеграција, преку работилници и информативни материјали, да ги популаризира своите активности меѓу потенцијалните корисници;
- Потребно е Центарот за рехабилитација и реинтеграција да нуди
- 

### 7.2. Ризик фактор- Географија

- Општината преку програмите за домување, да вложи напори за поддршка на лицата со попреченост кои се во најголем ризик, преку доградба или санација на простории, кои ќе обезбедат основни хигиенско- санитарни услови и отстранување на бариерите за да се обезбеди попристапен дом;
- Општината да организира тркалезна маса со претставници на бизнис заедницата, цивилниот сектор и органите на управата, за да може да се разгледаат можностите за поддршка во реконструкција на домовите на најранливите лица со попреченост.

7.3. Ризик фактор: дискриминација

- Комисијата за еднакви можности при општината и координаторот за еднакви можности, да преземат мерки за информирање на лицата со попреченост за содржината на Законот за спречување и заштита од дискриминација;
- Невладините организации да ја зајакнат својата улога на бранители на правата на лицата со попреченост и да им помогнат во подготовката на претставки до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и до народниот правобранител;
- Општината и невладините организации да развијат кампања за подигнување на јавната свест меѓу жените и девојчињата за препознавање и пријавување на случаи на дискриминација.

7.4. Ризик фактор: Управување

- Општината да ја зајакне комуникацијата со јавноста за да бидат соодветно информирани за активностите кои се преземаат за лицата со попреченост;
- Општината да развие консултативен процес со лицата со попреченост и еднаш месечно да се организираат средби со претставници на организациите на лицата со попреченост и со граѓани со попреченост, за да се информираат навремено за нивните проблеми и да се разменуваат мислења за нивното надминување;
- Уште еднаш се повторува препораката до општината и цивилниот сектор за поддршка за овозможување на услугата за информирање на лицата со попреченост за правата и услугите во доменот на социјалната заштита;

7.5. Ризик фактор: Ранливост кон шокови

- Центарот за управување со кризи- Одделение Делчево, да ги интегрира лицата со попреченост во проценката и плановите за справување со кризи, евидентирајќи ги локациски и според нивниот вид на попреченост;
- Дирекцијата за заштита и спасување- Одделение Делчево да развие протоколи за рано предупредување и евакуација на лицата со попреченост;

- Општинските и централните власти да обезбедат механизам за известување и тревожење, којшто е прилагоден на специфичните потреби на лицата со попреченост;
- Општината и локалните медиуми да развијат соодветни алатки за информирање на лицата со попреченост за евентуални природни непогоди;
- Општината да направи ревизија на достапноста на улиците на коишто живеат лицата со попреченост од аспект на пристапност на пожарникарско возило и да направат план за справување со пожар во тие места.

### 7.6. Препораки за интервенции за поддршка на најранливите групи преку јакнење на капацитетите на Центарот за рехабилитација и реинтеграција

Работно оспособување на лицата со попреченост и вклучување на пазарот на труд

- Проценка на способностите за работна окупација
- Соодветен работен ангажман според функционалноста на лицата со попреченост
- Видови окупациона терапија и начини на спроведување
- Развој на меки вештини
- Мотивирање на лицата со попреченост и нивните семејства за работно ангажирање
- Поддржано вработување
- Менторство

Поддршка на семејствата на лицата со попреченост

- Проценка на потребите за поддршка на семејствата на лицата со попреченост
- Креирање портфолио на услуги за семејствата
- Индивидуална и групна советодавна работа со корисниците и семејствата

Улогата на центрите во создавање инклузивни заедници

- Подигање на свеста за инклузија на лицата со попреченост
- Интеграција на корисниците во заедницата
- Градење партнерства и соработка со сите релевантни чинители во заедницата (институции, НВО, деловен сектор, и сл.)

Услуги за информирање

- Информирање на родителите за правата и услугите од социјална и здравствена заштита;

- Информирање на родителите за постапката за пријавување на кршење на правата на лицата со попреченост;

## План за соопштување на заклучоците и препораките за социјалното мапирање

Податоците од социјалното мапирање се основа да се подготват препораки, кои ќесе претставават пред локалните чинители. Врз основа на дискусија, која ќе се однесува на истражувачките наоди, може да се модифицираат предлог-препораките и ќе се дадат нови препораки до општинските и државните креатори на политиките како  и до претставниците на бизнис заедницата и невладините организации.

Клучните наоди и усогласените препораки ќе се претстават во скратена форма до клучните локални чинители.Во рамките на шпсебно групи за дискусија, на пример, родители/старатели на лица со попреченост, даватели на услуги, лица со попреченост  исл. Ќе се дискутираат наодите Во ваква форма, ќе се дистрибуираат и до локалните и регионалните медиуми, за да може да се запознаат лицата со попреченост. Интегралната верзија на извештајот на македонски и англиски јазик ќе биде поставена на веб страниците на општина Делчево  и на  Центарот за европска граѓанска иницијатива, за да може  да се запознае подетално  со состојбите стручната и општата јавност на локално, национално и меѓународно ниво.

**Препораки во согласност со ЦОР**

| Идентификување на проблеми | ЦОР[1] | Ефект (Среден; Низок; Висок) | Специфична цел | Индикатор | Клучни институции |
|---|---|---|---|---|---|
| | ЦОР1: Без сиромаштија: Секаде да се стави крај на сиромаштијата во сите нејзини форми | | | | |
| **Крајна сиромаштија има кај околу 1/3 од испитаниците бидејќи околу 20% од нив немале можност да си дозволат оброк до три пати а над 10% четири и повеќе пати во текот на месецот. Околу 20% имале проблем со пристапот за вода за пиење и околу ¼ имаат проблем да обезбедат греење во домот и да купат лекови а 60% да си купат месо;** | Препорака 1<br>Да се создадат услови услуга за проширување на обемот на корисници на народна кујна како и да обезбеди можности за доставување на оброците до домовите на лицата со попреченост, кои немаат проблеми со мобилноста; | Среден | 1.4: До 2030 година, да се осигура дека сите мажи и жени, особено сиромашните и ранливите, имаат еднакви права на економски ресурси, како и пристап до основни услуги, сопственост и контрола врз земјиштето и другите форми на имот, наследство, природни ресурси, соодветна нова технологија и финансиски услуги, вклучително и | 1.4.1 Процент на население кое живее во домаќинства со пристап до основни услуги | Општина Делчево |

[1]Ве молиме овде наведете која ЦОР е приоритет. Внесете 3 до 5 приоритетни ЦОР кои укажуваат на односните области на политики каде се дадени препораки и согласно LNOB групата.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | микрофинансирање | | |
| Пола од испитаниците изразиле потреба речиси за сите видови на поддршка во домот | Препорака 2…<br><br>Да продолжи со активностите во рамките на програмата ,,Општествено корисна работа'' и да го зголеми обемот и видот на услуги во домот за лицата со попреченост и да вложи напори да најде нови модели на поддршка на услугите во домот; | Среден | 1.4: До 2030 година, да се осигура дека сите мажи и жени, особено сиромашните и ранливите, имаат еднакви права на економски ресурси, како и пристап до основни услуги, сопственост и контрола врз земјиштето и другите форми на имот, наследство, природни ресурси, соодветна нова технологија и финансиски услуги, вклучително и микрофинансирање | 1.4.1 Процент на население кое живее во домаќинства со пристап до основни услуги | Општина Делчево |
| | ЦОР 11: Одржливи градови и заедници: Направете хумани градови и населби | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Околу половина од испитаниците имаат проблеми со движењето а околу ¼ имаат потреба од помош при движењето. Најмногу од нив имаат потреба од организиран превоз до здравствената установа. Најголем процент од нив имаат потреба од уред којшто ќе им помогне во меморирањето на обврските/задачите;** | Препорака 1<br><br>Општината да вложи напори да обезбеди, од сопствени средства или преку донација од бизнис заедницата или странски грантови, специјализирано возило за транспорт на лица со телесна или со комбинирана попреченост и да управува со неговото користење; | Висок | 11.2: До 2030 година, да се обезбеди пристап до безбедни, достапни и одржливи транспортни системи за сите, подобрување на безбедноста на патиштата, особено со проширување на јавниот превоз, со посебно внимание на потребите на оние во ранливи ситуации, жените, децата, лицата со посебни потреби и постари лица | 11.2.1 Пропорција на население кое има удобен пристап до јавен превоз, според пол, возраст и лица со попреченост | Општина Делчево |
| **За испитаниците голем број од објектите се непристапни, а најнепристапни се автобуската станица, јавниот превоз, паркинзите и библиотеката** | Препорака 2…<br><br>Општината во годишната програма која е во областа на урбанизмот и градежништвото, да предвиди мерки и средства за прилагодување на објектите и инфраструктурата и да ги направи попристапни за граѓаните. | Висок | 11.7: До 2030 година, да се обезбеди универзален пристап до безбедни, инклузивни и достапни, зелени и јавни простори, особено за жените и децата, постарите лица и лицата со попреченост | 11.7.1 Просечен удел на изградената површина на градовите што е отворен простор за јавна употреба за сите, по пол, возраст и лица со попреченост | Општина Делчево |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ЦОР 4: Квалитетно образование: Обезбедете инклузивно и правично квалитетно образование и промовирајте можности за доживотно учење за сите | | | | |
| **Училиштата не се доволно пристапни. Влезните врати, училниците и тоалетите не се потполно пристапни за учениците со телесна попреченост.** | Препорака 1<br><br>Адаптирање на просторот околу училиштата, паркинзите, влезовите, училниците и тоалетите за да бидат пристапни за учениците со попреченост | Висок | 4.а: Изградете и надградете ги образовните објекти кои се чувствителни на децата, попреченоста и полот и обезбедуваат безбедни, ненасилни, инклузивни и ефективни средини за учење за сите | 4.а.1 Пропорција на училишта кои нудат основни услуги, по вид на услуга | Општина Делчево |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Наставниците немаат доволно знаења и вештини за да можат да работат со децата со попреченост. Не е доволна улогата на образовниот асистент.** | Препорака 2…<br><br>Реализирање на обуки за наставници за сензибилизација за работа со деца со попреченост.. | Висок | 4.а: Изградете и надградете ги образовните објекти кои се чувствителни на децата, попреченоста и полот и обезбедуваат безбедни, ненасилни, инклузивни и ефективни средини за учење за сите | 4.а.1 Пропорција на училишта кои нудат основни услуги, по вид на услуга | Општина Делчево |